СЕКОГАШ И СЕКАДЕ ПРВИ | „CAMBRIAN PATROL“ | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ЛУКСЕМБУРГ | „МАЛТА ВО ВОЕНИОТ МУЗЕЈ”

# ШТИТ

Број 113
Март 2019
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Министерката Шекеринска за прв пат на официјален состанок на НАТО

# ИСТОРИСКИ МОМЕНТ ЗА НАС И ЗА АЛИЈАНСАТА



# Република Северна Македонија станува 30. полноправна членка на НАТО

Пред Владата на Република Северна Македонија се одржа свечена церемонија на подигнување на знамето на НАТО, на која се обрати премиерот Зоран Заев.

Поздравувајќи ги присутните претставници на Владата, Собранието, Армијата, верските заедници, претставниците на дипломатскиот кор и воени аташеи, како и гости од граѓанските, политичките, државните институции, медиуми и заинтересирани граѓани, премиерот Заев подвлече дека денес, со сигурност кажуваме дека нашата татковина успеа, дека наскоро ќе стане 30. полноправна членка на НАТО и е на вистинскиот пат кон прогрес и кон непречен развој. Тој во своето обраќање истакна дека во периодот што следува ќе бидеме директни учесници во историски најзначајниот период од осамостојувањето на државата, во кој сами ќе одлучуваме за нашата иднина, но и за брзината со која ќе стигнеме на целта.

„Иднината повеќе не ни е судбина. Ние ја презедовме судбината во свои раце и ја одредивме иднината. Со тоа ја прифаќаме и



Фото: https://vlada.mk/

одговорноста да ја оствариме историската цел. Овие денови ја почнуваме следната, комплексна етапа во изградбата на нашата држава според европските стандарди. Никој повеќе нема да не блокира однадвор. Со одлуките на нашиот Парламент и на Парламентот на Република Грција, и со поканата од членките на НАТО-алијансата, ние веќе учествуваме во работењето на најмоќниот сојуз на светот. И можеме да бидеме спокојни и целосно сигурни дека со завршување на ратификациите во сите парламенти на нашите сојузници, нашата земја и официјално станува 30-тата полноправна членка на НАТО, со право на глас. Со тој чин стануваме безбедна земја. Стануваме свои на своето“ – истакна премиерот Заев, обраќајќи им се на присутните.







# содржина

ШТИТ ■ година XI ■ број 113 ■ март 2019


Инфо
**Министерката Шекеринска учествуваше на официјален состанок на НАТО во Брисел** 5

Инфо
**Нашата армија има најголемо богатство во своите луѓе** 8

24 часа
**Секогаш и секаде први** 10

На прва линија
**Жени – големи воини и војсководци** 14

НАТО
**Организација и структура на НАТО** 18

НАТО-армии
**Вооружените сили на Луксембург** 20

Едукација
**Карактеристики на современите мировни операции** 23

Вооружување
**Оклопно возило „PVP Panhard“** 32

Вооружување
**„Stridsvagn“ („Strv103“)** 34

Опрема
**Како чичакот станал „чичек“** 37

Глобал
**Огнот како терористичка алатка** 42

Незадолжително
**„Малта во Воениот музеј“** 52

Глобал
**Дали сме доволно продуктивни?** 45

Низ историјата
**Историја на конфликтите во Пакистан** 48

# Високо на јарболот

На 12 февруари, на свечена церемонија пред Владата на Република Северна Македонија, високо на јарболот беше кренато знамето на НАТО. Симболиката на овој чин е голема – развиорено до нашето знаме, знамето на НАТО јасно ја покажува насоката на нашето движење и сведочи за реалноста која е на чекор до нас, а тоа е приемот на нашата земја во најголемиот воено-политички сојуз во светот, со што ни се гарантира безбедна и просперитетна иднина од секој аспект.
Нашиот долгогодишен напор и стремеж за колективно членство најпосле е крунисан со успех. Од првиот ден на нашата независност ние ја знаевме улогата и значењето на колективното членство и јасно ги определивме нашите стратешки цели и приоритети – членство во НАТО и во Европската унија. Многу време помина и се соочивме со многу проблеми на нашиот пат кон остварувањето на овие цели. Реалноста денес е дека ние сме веќе на заедничка маса со нашите 29 сојузници во НАТО и ја исполнуваме нашата долгогодишна стратегиска цел.
На овој свечен чин на подигнување на знамето на НАТО пред Владата, пред присутните се обрати премиерот Зоран Заев, кој во своето обраќање го потенцираше токму тоа дека членството во НАТО е најдоброто решение за стабилноста на земјата и за стабилноста на целиот регион. „Сакаме да останеме пријатели не само со нашите соседи-членки на НАТО и на ЕУ, туку со сите земји со кои сме имале добри односи, и кога станува збор за наши соседи и за големите сили. Северна Македонија нема да има друг избор освен добри политички, културни и економски односи. Балканот нема друг избор освен соработка и развој. Градењето пријателства останува наш врвен приоритет во надворешната политика, која секогаш произлегува од стабилноста и добрите односи во самата земја“ – истакна премиерот во своето обраќање, не заборавајќи да спомене дека пред нас е период на исполнување на обврските и спроведување на реформите.

Во однос на остварувањето на стратешката определба за членство во Европската унија, тој истакна дека со голем елан ќе продолжиме со напорите да станеме дел од Европската унија, со што ќе ни се отворат многу нови можности и нови искуства во однос на понатамошен развој и просперитет на државата и нејзините граѓани. „Членството во ЕУ не е нашата крајна цел, туку европеизација на нашата земја, што е многу подолг процес од остварувањето на членството. Идните генерации ќе ги зачуваат и нашите посебности и нашето македонско културно наследство и сите македонски идентитетски одлики, како и сите одлики на припадниците на другите народи кои живеат тука. Но, истовремено, идните генерации ќе бидат Европејци, без комплекси и инфериорност“.
Посакуваме нашето знаме, заедно со знамето на НАТО и на Европската унија, постојано гордо и заедно да се виорат во иднина. Процесите се придвижија и ние незапирливо се движиме кон подобра иднина, препознавајќи се единствено во колективитетот на НАТО и здружените европски држави.

д-р Жанет Ристоска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„ФЕНИКС ПРИНТ“
ДООЕЛ Кочани




ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Министерката Шекеринска за прв пат на официјален состанок на НАТО: Ова е историски момент за нас и за Алијансата

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска, е првиот наш министер кој учествуваше на официјалниот состанок на министри за одбрана на Северноатлантскиот совет на НАТО. Започнувајќи го состанокот, генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, ѝ упати добредојде на министерката Шекеринска и изрази задоволство што таа учествува на министерскиот состанок.

„Ова е историски момент за нас и за Алијансата. Заедно поминавме низ многу предизвици. Заедно остануваме одлучни да ја браниме слободата, заедничкото наследство на нашите народи, базирани на принципите на деморкатијата, индивидуалните слободи и владеењето на правото“, рече Шекеринска пред министрите за одбрана на земјите-членки на НАТО. Цитирајќи го Винстон Черчил, министерката рече дека сме свесни дека ова е „крај на почетокот“ и дека сме подготвени да се соочиме со новите предизвици. Таа рече дека нашата татковина беше партнер на Алијансата долги години и во тие години покажавме дека сме доверливи, посветени и флексибилни. „Како полноправен член, Алијансата може да смета на нас како способни и подготвени да дадеме

> „Наместо како досега кога за нашата држава се разговараше на состаноци на коишто наши министри не присуствуваа, сега ние имавме прилика да го кажеме нашиот став за тоа што се случува во светот, за тоа какви треба да бидат операциите и акциите на НАТО и за тоа кои политики и на Балканот и во Европа ќе нè донесат до зголемена безбедност и зголемен просперитет“

придонес кон колективната мисија за заштита и одбрана на нашите заеднички демократски вредности“, додаде министерката. Шекеринска посочи дека одбранбениот буџет е во пораст, во согласност со насоките од Алијансата за издвојување на 2 проценти од бруто-домашниот производ, а дека сме и во фаза на имплементација на Стратегискиот одбранбен преглед. Таа додаде дека Армијата е посветена да биде проактивен дел од структурите и мисиите на Алијансата и дека се во тек реформите за развој на интероперабилни воени сили, како дел од најуспешната одбранбена алијанса во светот. Министерката Шекеринска потенцираше дека нашите припадници продолжуваат со придонесот во Авганистан, но и со поддршката на мисијата на ЕУ во Босна и Херцеговина, ЕУФОР-АЛТЕА, како и со мисијата на Обединетите нации во Либан.

„Отворените врати за Република Северна Македонија во НАТО се доказ дека Алијансата е динамична институција која гледа кон иднината и може да се носи со предизвиците на одбраната и денеска како и пред 70 години. Република Северна Македонија е со вас. Се радувам на нашата заедничка иднина“, заклучи министерката Шекеринска во своето излагање на министерскиот состанок на НАТО во Брисел.



Фото: https://www.nato.int/

## ЧЕСТИТКИ И ПОДДРШКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА НАТО

Претходно министерката Шекеринска се сретна со генералниот секретар на НАТО, Столтенберг, кому му изрази благодарност за искрената поддршка и личното залагање во процесот на пристапување на нашата земја во НАТО. „Чест ми е и привилегија е за мене и за мојата земја да бидам тука, за прв пат на НАТО министерскиот состанок. Тоа е доказ дека политичката храброст се исплати, дека промените се можни дури и на Балканот, дури и во времиња како овие. Тоа е и доказ дека не постојат „замрзнати“ проблеми, туку единствено „замрзнати“ решенија. Ќе ми биде привилегија да седам веднаш покрај вас, и покрај останатите колеги-министри за одбрана“, рече министерката Шекеринска. Министерката изрази уверување дека ние можеме да го направиме нашиот регион подобар и



„Ние покажавме дека имаме луѓе, дека имаме армија и капацитети на коишто земјите-членки на НАТО можат да се потпрат и сега е моментот тоа да го материјализираме и со членство во Алијансата. Побарав и од моите колеги-министри за одбрана да лобираат за побрз процес на ратификација на пристапниот протокол, за нашата држава да може да ги ужива сите привилегии на полноправно членство. Ова е шанса за сите нас, ова е еден чекор плус во обезбедувањето на целосна безбедност и просперитет за сите наши граѓани“











постабилен и дека можеме да покажеме дека политиката на отворени врати на НАТО не се само зборови, туку реални дела и реална заложба. Генералниот секретар на НАТО, Столтенберг, истакна дека му претставува голема чест што министерката Шекеринска ќе учествува на министерскиот состанок во НАТО. „Ова е голем момент за сите нас. Ние навистина го цениме прогресот кој го направивте, и без вашата лична посветеност, посветеноста на вашето лидерство и на вашата влада, ние немаше да бидеме во можност да ве имаме тука, односно да ве поканиме на овој министерски состанок. Ова е еден голем ден и со нетрпение го очекувам денот кога ќе бидете наш полноправен член, штом заврши процесот на ратификација на пристапниот протокол кај сите 29 сојузници“, рече генералниот секретар Столтенберг.



## СРЕДБИ НА МАРГИНИТЕ НА СОСТАНОКОТ ВО БРИСЕЛ

Во Брисел министерката имаше одвоени средби со бугарскиот, со грчкиот, со турскиот, со белгискиот, со канадскиот и со британскиот министер за одбрана. На средбите министерката Шекеринска се заблагодари на поддршката, изрази очекување дека ратификацијата на пристапниот протокол ќе се реализира со забрзано темпо и испрати порака дека Северна Македонија е сериозна во својата одлучност и посветеност да даде значаен придонес во Алијансата.
На состанокот со нејзиниот грчки колега, министерот Евангелос Апостолакис, се согласија дека двете земји започнуваат ново поглавје на пријателство и сојузништво. „Ова се историски моменти кои немаше да бидат возможни без лидерството во двете земји, но и чувството на одговорност кај двете влади – одговорност да придонесат нашиот регион да биде стабилен, мирен и просперитетен. После долго и загубено време, нашите влади имаа храброст и одлучност да погледнат кон иднината и да сфатат дека компромисот е најголемата победа“, рече министерката Шекеринска на состанокот со министерот Апостолакис. На оваа средба, министерката се заблагодари за ратификацијата на пристапниот протокол и изрази убедување дека целиот процес ќе заврши брзо и ефикасно. Апостолакис рече дека договорот од Преспа е пример како треба да се решаваат спорови. Тој иницираше нов договор за одбранбена соработка меѓу двете земји. Грчкиот министер рече дека двете влади многу инвестирале во договорот од Преспа за доброто на своите граѓани. Двајцата министри се согласија дека соработката во следниот период ќе се интензивира и на билатерално и на регионално ниво и во рамките на НАТО.

Фото: https://www.nato.int/

## МИНИСТЕРКАТА ШЕКЕРИНСКА НА МИНХЕНСКАТА БЕЗБЕДНОСНА КОНФЕРЕНЦИЈА



Во рамки на Минхенската безбедносна конференција, заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана Радмила Шекеринска говореше на панел-дискусијата насловена како „На вратата на НАТО: Осврт на актуелните предизвици во проширувањето“. Шекеринска рече дека со влезот на нашата земја во НАТО значително се засилува безбедноста на овој дел од Европа, и дека двете влади покажаа дека разликите меѓу државите најдобро се решаваат низ политички дијалог и договор.
„Само пред една година влезот на мојата земја во НАТО беше незамислив и за многумина дури и невозможен. Но, сепак, се случи. Меѓународната заедница ја препозна одговорноста и храброста на владите на двете земји и им даде силна поддршка“, рече министерката. Шекеринска посочи дека со влезот на Република Северна Македонија во НАТО е разрешено едно од најважните безбедносни прашања во регионот, со што значително се засилува безбедноста во овој дел на Европа. „Членството во НАТО ја става Северна Македонија на мапата на сигурни и безбедни бизнис-дестинации и отвора нови можности за домашната економија. Очекуваме оваа и следната година НАТО-интеграцијата да има позитивно влијание врз економскиот раст на нашата земја“, рече Шекеринска.
Министерката за одбрана Радмила Шекеринска во Минхен присуствуваше на свечената церемонија на доделување на наградата „Евалд фон Клајст“ на премиерите Зоран Заев и Алексис Ципрас, која се одржа во рамки на вечерата чиј домаќин беше премиерот на Баварија.
Министерката Шекеринска имаше и повеќе билатерални средби, и тоа со министрите за одбрана на Италија, на Германија, на Финска и на Холандија. На средбите беше поздравен влезот на нашата земја во Алијансата и беше потврдена соработката на планот на одбраната и безбедноста. Шекеринска се сретна и со еврокомесарот Јоханес Хан, кој упати честитки за учеството на министерката на состанокот на министри за одбрана, кој беше прва шанса да седнеме на иста маса со НАТО-сојузниците.

Munich Security Conference msc
Münchner Sicherheitskonferenz

„Само пред една година влезот на мојата земја во НАТО беше незамислив и за многумина дури и невозможен. Но, сепак, се случи. Меѓународната заедница ја препозна одговорноста и храброста на владите на двете земји и им даде силна поддршка“















„Нашата војска заслужува повеќе средства, нашата војска заслужува повеќе внимание. Со ова ќе кажеме дека од војниците очекуваме и повисоки стандарди, но и дека сме подготвени повеќе да вложуваме во нив“ - Радмила Шекеринска

# Нашата армија има најголемо богатство во своите луѓе

На 7 февруари министерката за одбрана Радмила Шекеринска, заедно со заменикот-министер Беким Максути и заменикот-началник на ГШ на АРМ, генерал-мајор Азим Нуредин, се сретнаа со командантот-потполковник Изеир Ејупи во командата на касарната „Кузман Јосифовски – Питу“ во Тетово.



Министерката за време средбата во касарната истакна дека иницијативата од Генералштабот на АРМ за акцентирање на физичка подготвеност и физичката способност на припадниците на армијата придонела за донесувањето на Правилник за обезбедување на спортска опрема за активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија.

„Нашата армија има најголемо богатство во своите луѓе – војниците, подофицери, офицери во Армијата кои заслужуваат поголеми инвестиции. Како резултат на иницијативата на Генералштабот, поголем акцент оваа година ќе ставиме на физичките подготовки и физичката способност на припадниците на АРМ” - рече министерката, притоа истакнувајќи дека АРМ ја презема и обврската за обезбедување на спортската опрема, за чија цел оваа година од Буџетот на Министерсвото за одбрана издвоени се повеќе од 12 милиони денари.

Во согласност со именуваниот правилник и најавата од министерката оваа година би требало да се набави една третина од спортската опрема која ќе ги опфати сите припадници на Армијата.

За време на посетата министерката упати и честитки до сите припадници на Армијата за високите пофалби од страна на генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтеберг по повод потишувањето на Протоколот за членство во НАТО, потенцирајќи дека не се доволни само големите работи, бидејќи континуираните мали успеси ја подобруваат работата на Армијата. Имено, нашата армија со активното учество во досегашните операции и мисии на НАТО е еден од најголемите аргументи за членство во Алијансата.

Спортот во Армијата претставува значаен сегмент во борбената обука, воедно и алатка за развивање на пријателство меѓу припадниците на национално и меѓународно ниво. Секоја иницијатива за унапредување на спортските капацитети и спортската опрема се инвестиција во човечкиот капитал.

Панде Димоска



Делегација од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, предводена од државниот секретар, Драган Николиќ, на покана на Одделот за безбедносна политика и билатерални односи во Сојузното министерство за одбрана, престојуваше во работна посета на СР Германија, со цел реализација на одбранбено-политички консултации

# Одбранбено-политички консултации со Сојузна Република Германија

За време на посетата двете делегации разговараа за актуелни теми од доменот на одбраната и безбедноста, за безбедносната ситуација во Европа и во Западниот Балкан, случувањата во НАТО-контекст, како и за процесот на пристапување на Р. Северна Македонија во Алијансата. Дополнително, на одбранбено-политичките консултации стана збор и за Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ, за меѓународните мисии и операции и за придонесот на двете земји во овие мисии.

На самиот почеток на средбата, шефот на германската делегација, капетан на морнарица, Јенс Бекман, ја истакна одлуката на германската Влада да го поддржи членството на нашата земја во НАТО, факт кој ја потврдува безрезервната германска поддршка за нашата земја искажана многупати, и тоа низ конкретни мерки и активности.

Државниот секретар Драган Николиќ изрази благодарност за долгогодишната поддршка на СР Германија за процесите за членство на Р. Северна Македонија во НАТО и во ЕУ, истакнувајќи особена благодарност за поддршка од страна на високото раководство на СР Германија, искажана за време на посетите на канцеларката Ангела Меркел, министерот за надворешни работи Хеико Мас и министерката за одбрана, кои се реализираа во многу чувствителен период за Република Северна Македонија.

Понатаму, државниот секретар Николиќ потенцираше дека овој период е историски за Р. Северна Македонија заради започнувањето на процесот на пристапување кон НАТО, притоа истакнувајќи дека уште од осамостојувањето на земјава беа одредени стратегиските цели – членство во НАТО и во ЕУ. Притоа, тој го истакна фактот дека членството на Р. Северна Македонија во НАТО ќе има позитивно влијание не само на земјата, туку и на целиот регион, и ќе претставува потврда за евроатлантската заложба за стабилноста на регионот. Осврнувајќи се на реформите во одбраната, информираше за тековните активности за имплементација на Стратегискиот одбранбен преглед во насока на зајакнување на капацитетите и способностите на АРМ во согласност со НАТО-стандардите, како и за зголемување на ефикасноста на внатрешните работни процеси во Министерството за одбрана.

На самиот крај на одбранбено-политичките консултации, државниот секретар Николиќ и капетанот Бекман, во однос на билатералната соработка во областа на одбраната, заемно констатираа дека долгогодишната плодна соработка, воспоставените контакти, како и успешниот дијалог, претставуваат добра основа за интензивирање и унапредување на билатералната одбранбена соработка.

За време на посетата на СР Германија, државниот секретар Драган Николиќ реализираше средба и со парламентарниот државен секретар во Сојузното министерство за одбрана, Томас Силберхорн.

Виолета Куновска








# СЕКОГАШ И СЕКАДЕ ПРВИ

На седум илјади и петстотини километри од дома, македонското знаме беше високо развиорено благодарение на Снајперскиот тим од составот на Баталјонот за специјални намени – „Волци“. Во далечната Народна Република Кина, во предградието на градот Пекинг, се реализираше интернационалниот снајперски натпревар „SHARP BLADE 2018“. Македонските специјалци го освоија високото второ место во генерален пласман во интернационална конкуренција помеѓу 38 тимови од 22 држави. Во индивидуална конкуренција од 81 учесник, нашите претставници ги освоија 8. и 12. место.

Натпреварот „SHARP BLADE“ се реализираше во организација на Воената полиција на НР. Кина, а учествуваат светки елитни единици од различни делови на светот. Снајперскиот натпревар се реализира секои две години и бележи зголемен интерес. Во 2016 година, кога за прв пат е одржан овој натпревар, учествувале 15 држави и 42 учесници, додека во 2018 година тој број беше речиси дуплиран.

Оваа година е јубилејна за припадниците на Полкот за специјални операции. Поминаа цели 25 години од формирањето на првата Единица за специјални намени во рамките на Армијата. Оттогаш па сѐ до денес постојано сме сведоци на нивната врвна професионалност, обученост и достигнувања. Признанијата, пофалбите, медалите и одликувањата се многубројни и во континуитет. Во овој број на „Штит“ пишуваме за неколку од нивните последни и позначајни успеси во меѓународни рамки

Целта на интернационалниот снајперски натпревар „SHARP BLADE 2018“ беше да се унапредат борбените способности на снајперистите низ натпревар, а воедно да се разменат искуства и да се изградат нови пријателства и врски. Ситуационите гаѓањата кои се реализираа за време на петдневниот натпревар беа реализирани во што е можно пореално сценарио, притоа фокусирајќи се на противтерористичката борба.

Натпреварите се реализираат во дванаесет настани – видови на гаѓања, од кои секое има своја карактеристична тежина. Почетните поединечни дисциплини се поедноставни, како на пример прецизно и брзо гаѓање на блиски цели со временско ограничување од 3-5 секунди. Како натпреварот продолжува така се усложнуваат и стануваат потешки и самите гаѓања. Следната дисциплина веќе е потешка така што за исто временско ограничување се гаѓаат повеќе цели или спасување на заложник на цел која се појавува два пати по две секунди или

гаѓање од платформи кои се движат и се симулираат со хеликоптер од кој се гаѓа во лет.
Во тимските дисциплини натпреварувачките дисцилини се покомплексни. Така, на пример: гаѓање со звучно попречување (звуци од борба и сл.), гаѓање на цел која не е директно видива и се гледа само преку видеонадзор, и сигурно една од најтешките дисциплини е сеопфатната снајперска борба каде на растојание од 2300 метри со претрчување на седум различни позиции – стрелишта се гаѓаат различни цели и од различни оружја. Притоа, целокупното гаѓање е временски ограничено .
Имајќи ги предвид дисциплините во кои се натпреваруваа нашите припадници и конкуренцијата на вакви и слични натпревари, нивните успеси добиваат дополнителна тежина. Нашите специјалци уште еднаш докажаа дека се на врвот на светското ниво кога станува збор за обученост и професионализам.

## Највисоко на пиедесталот

Деветнаесет држави, дваесет и двајца учесници, а само еден  најдобар. Припадникот од Баталјонот за специјални намени – „Волци“, од составот на Полкот за специјални операции, кој учествуваше на курсот за боречки вештини „Chinese Wushu“ во Народна Република Кина,  курсот го заврши со огромен успех како прворангиран.
Четиримесечниот курс за боречки вештини „Chinese Wushu“ се реализираше во Народна Република Кина во периодот од 18.09.2018 година до 17.01.2019 година. Самиот курс важи за еден од потешките и високо професионални, со оглед на фактот дека на него најчесто учествуваат припадници на специјални единици ширум светот.
„Chinese Wushu“ или кинеско кун–фу е комплетна боречка вештина која е развиена како резултат на обединувањето на старите и модерните боречки спортови кои водат потекло од Кина. Самиот збор „Wushu“ значи „Wu“ – воена и боречка, додека „shu“ значи уметност. Боречката вештина има две компоненти. Едната од нив се „катите“, а другата се спаринг-борбите. Со оглед дека станува збор за високо контактен спорт, особен акцент во обуката се дава на спаринг-борбите или „Sanda“. Со оглед на тоа дека овој курс за боречки вештини беше и курс за инструктори, слушателите изучуваа многу повеќе елементи освен самите боречки вештини. Еден од елементите е и справувањето со спортски повреди кои најчесто настануваат при боречките вештини и нивно успешно санирање. Внимание се посветува и на методологијата на држење на тренинг – обука, како правилно да се структуира еден час, се изучуваат и правилата во одредени боречки вештини итн.





Слушателите за време на курсот имаа можност да се запознаат и со културата, јазикот и историјата на државата-домаќин.
Покрај изучувањето на одбраната од различни видови оружја, за време на курсот учесниците се обучија и за користење на одредени оружја како што се:  долг стап, меч и пендрек. Со дел од овие оружја се изработуваа „кати“. Искуството кое се стекнува на курсот доаѓа, пред сѐ, заради огромната конкуренција, работата со високо обучени инструктори и професионалци, војници од земјите ширум светот.
Како што рекол големиот автор Наполеон Хил, „Целиот напор се исплати доколку не се откажеме од она што сме го наумиле“. Така е и со боречките вештини. „Никогаш не помислувај да се откажеш во борбата, бидејќи ќе изгубиш“.
„Напорен тренинг – лесна , тоа ќе резултира со успех, а воедно и за високото ниво на подготвеност на припадниците на Баталјонот за специјални намени. Оваа победа е пример како треба да се претставува единицата и армијата во целост.

З.Б.





# „Cambrian Patrol"

Во конкуренција на 137 армиски тимови, составени од земјата-домаќин и од 37 меѓународни, нашиот тим составен од 10 припадници на Ренџерскиот баталјон кој за прв пат учествува на ова врвно војничко натпреварување кое се одвива на многу тешка теренска конфигурација и климатски услови, успеа да се впише во историјата на нашата армија. „Cambrian patrol" е британска воена вежба која се одржува еднаш во годината и има натпреварувачки карактер. Самата вежба е екстремно напорна и ги става на испит лидерските способности, тимската работа, физичката способност и посветеноста кон мисијата кај секој еден учесник.







„Cambrian patrol“ е британска воена вежба која се одржува еднаш во годината и има натпреварувачки карактер. Самата вежба е екстремно напорна и ги става на испит лидерските способности, тимската работа, физичката способност и посветеноста кон мисијата кај секој еден учесник. Македонските „Ренџери“ од Полкот за специјални операции, го освоија високото второ место и сребрениот медал на ова престижното војничко натпреварување

Оваа вежба според НАТО се смета за најдобра проверка за патролните способности на еден модерен воин, место каде не само физичките способности, туку на тест се ставаат и менталните способности. Самата вежба е непрекината 48-часовна патролна вежба во должина од 60 километри, на која се носи опрема и ранец со севкупна тежина од околу 30 килограми и притоа се реализираат зададени задачи кои носат одреден број на поени. Сето ова се реализира во тешко прооден и пристапен терен, проследен со водени препреки во реонот на планината Камбриан во Среден Велс. Најчесто временски услови за време на вежбата се лоши, со оглед на фактот дека истата се реализира во месец октомври. Оваа вежба е започната во далечната 1959 година како дводневно марширање кое завршува со натпревар во гаѓање со личното вооружување. Во овој формат вежбата се задржува сè до 1980 година. Во 1980 година се менува вежбата во тактичка патрола со додадени дополнителни елементи со кои војникот може да соочи на модерното боиште. На почетокот на вежбата учество земале само тимови-патроли од Обединетото Кралство, но со текот на времето сè повеќе странски армиии испраќаат свои тимови-патроли на оваа престижна вежба, така што на последната вежба во 2018 година учествуваа 137 тимови од 37 држави или околу 1000 припадници севкупно. Тимот-патролата која е составена од осум члена, својот дел го започнува од назначена локација каде се проверува комплетноста на опремата која треба да се носи. Доколку недостига дел од опремата, се заменува со соодветна тежина. Опремата и ранците на секој припадник се мерат пред почеток на патролата. По ова лидерот на патролата добива наредба со дадено сценарио по кое треба да постапи. По добиените наредби лидерот ја брифира својата патрола и издава наредби и насоки. Во текот на движењето патролата може да наиде на непријателска територија, да контактира со пријателски сили итн.

За време на патролата се добиваат задачи како што се: прва помош и евакуација на повреден; премин низ минско поле; справување со импровизирана експлозивна направа; собирање на податоци и надбљудување ( со опција за повикување за огнена поддршка); нуклеарна-хемиско-биолошка заштита; тактичко форсирање - преминување на водена препрека во должина од 75 метри и ниска температура; блиско извидување на целта; боево гаѓање при напад.

Покрај овие зададени задачи, потребно е високо ниво на познавање на ориентација на терен со оглед на фактот дека мобилните телефони и ГПС-уреди не се дозволени за време на вежбата. На оваа вежба успешно завршуваат околу една третина од патролите, монгу од нив не стигнуваат до самата цел, најчесто како последица на повреди во текот на патролата.

Успехот кој го постигнаа македонските „Ренџери“ уште еднаш докажа дека македонскиот воин е подготвен да стои рамо до рамо со неговите колеги од другите армии и воедно ја потврди максималната посветеност на припадниците во афирмирањето на армијата во меѓународни рамки.

З.Б.



# Жени – големи воини и војсководци

Листата на жени-воини и војсководци во историјата е навистина долга и не постои ниту еден период од историјата, ниту војна во која жените не биле борци или на командни позиции.
Месецот март е убава пригода да се потсетиме и да ги запознаеме дамите закитени со епитетот – големи војсководци

Сите приказни за жените-војсководци тргнуваат од легендарните Амазонки, воинствено женско племе кај Скитите. Меѓу нив најпозната, секако, е нивната легендарна кралица Телестрида, наводно една од жените на Александар Македонски. Надвор од античките митови и легенди стои една редица жени кои во историјата се впишани како вистински војсководци, ни за педа помали од нивните машки колеги.

## Хероината од Саламина

Славата, да биде прва на таа листа ѝ припаѓа на Артемизија од Кареја, кралицата на Халикарнас. Таа го зазема местото на загинатиот маж и станува адмирал во персиската морнарица, токму во времето на битката кај Саламина, 481 година пр.н.е., една од најголемите поморски битки во историјата. Артемизија командувала со пет воени брода кои биле на чело на моќната персиска флота. Античкиот историчар Херодот ја опишува како способна, убава, интелигентна и храбра жена, која во спомнатата битка успеала да ги надитри Грците, но и покрај тоа Персијците биле поразени. Од Херодот уште дознаваме дека воинствената Артемизија била чувствителна жена која поради невозвратената љубов се самоубила. Имено, подготвувајќи се за војна со Грците, таа се вљубила во еден од своите војници, молчеливиот Дардан кој, за разлика од останатите морнари, не ѝ обрнувал внимание. Сите нејзини обиди да му се доближи останале попусти и таа, во очај, скокнала од висока карпа во море, ставајќи крај на љубовниот копнеж. Некои историчари сметаат дека трагичниот епилог во бурниот живот на Артемизија бил плод на одмазда на грчките хроничари, кои не ѝ простиле што се борела на страната на Персијците, а била управител на хеленска покраина.

## Теута – кралица и пират

Илирката Теута била и кралица и борец и војсководец. Легендите кажуваат дека била исклучително убава. Нејзините лидерски особини дошле до израз по смртта на нејзиниот маж, илирскиот крал



Агрон. Бидејќи му била втора жена, а неговиот наследник Пинеј бил малолетен, Теута без никакви пречки ги презела сите негови должности. Интересно е да се спомене дека Агрон починал за време на тридневна прослава по една од големите победи над грчките племиња во Тесалија. Легендата вели дека на таа прослава ги натпил своите другари, но таа победа била кобна по него. По смртта на Агрон, 231 г. пр.н.е., Теута со помош на Демтрије, прв другар на починатиот крал и еден од најголемите илирски воини, продолжила да управува со сите провинции на јадранското крајбрежје. Илирците тогаш располагале со моќна флота, па Теута организирала пиратски банди кои безмилосно ги пљачкосувале сите бродови што поминувале низ Јонското и Јадранското Море. Во повеќето од тие походи и самата учествувала и лично го преземала запленетото богатство. Бидејќи најчесто биле ограбувани римски бродови, до Светиот град во Рисан, една од престолнините на Теута, била испратена делегација со порака од императорот.... „да се престане со напаѓање на римски бродови и да се врати одземеното“. Теута ги сослушала римските емисари, браќата Гај и Луције, и ги избркала велејќи им дека никој па дури ни Цезар не може да ѝ наредува што ќе прави на своја територија. Теута наредила да ги погубат емисарите и продолжила со пиратските авантури. Од историчарот Плибиј дознаваме дека смртта на двајцата браќа била повод Центумал да тргне со флота од 200 бродови кон Крф, токму во време кога Теута се обидувала да го заземе. Изненадена и со многу помала флота и војска, Теута без борба се согласила на сите услови што ѝ ги поставил Центумал. Таа прва Римско-илирска војна била почеток на крајот на малото но легендарно Илирско Кралство. Пркосна каква што била, Теута не го почитувала договорот, со што повторно ги предизвикала Римјаните. Пролетта 227 година, голема римска флота стигнала во Рисан, а потоа легионерите тргнале во пресметка со воинствената Теута. Откако видела дека нема шанса во директен судир со Римјаните, Теута по тајни канали избегала од тврдината над Рисан и оттогаш ѝ се губи трагот. Има повеќе легенди за нејзиното исчезнување, но најважно е дека била вистински војсководец и вечна инспирација на историчарите и уметниците.

## Будика – ноќната мора на Нерон

Будика Келтска е првата жена-војсководец на крајниот северозапад од пространата Римска Империја. Благодарение на двајцата големи историчари од првиот милениум на нашата ера, Тацит и Касије Дион, нема никакви мистификации околу историската автентичност на Будика. Во „Аналите и животот на Јулие Агрикола“, Тацит едно поглавје ѝ посветува на „жената која била вистинска ноќна мора на императорот Нерон, поради која тој размислувал од Британија да ги повлече сите римски легии“. Касије, пак, во својата „Историја на Рим“ детаљно ги опишува поразите на римските легии. Историските факти за животот и делото на Будика цели 18 века биле заробени во старите римски хроники. Поточно, до третата деценија на 18 век, кога на британскиот престол седнала кралицата Викторија. Барајќи адекватна историска личност со која би ја споредувале амбициозната кралица, британските историчари ја откриле Будика. Врз фактите посочени во двете антички дела се создала епската приказна за заборавената кралица Будика.
До ненадејната смрт на нејзиниот маж, кралот Прасутаг, Будика живеела како и останатите поданици на келтските племиња. Бидејќи кралот немал наследник, односно со Будика имале две ќерки, улогата на водач на племето ја презела таа. Римјаните, кои имале спогодба за автономија на Келтите, не се согласиле со овој избор и за казна јавно ја камшикувале Будика, а нејзините ќерки ги обесчестиле. Кога си заминале таа ги свикала водачите на пет други племиња и предложила да започнат вооружен отпор. Римскиот хроничар Тактикус, забележал дека таа тогаш одржала „машки говор“, од којшто делови биле модификувани за актуелните потреби на Обединетото Кралство во времето на Викторија. Будика се обратила со следните зборови: „Ние Британците сме навикнати во војните да имаме жени-команданти, но во случајов, јас не се борам за своето кралство ниту за богатство. Јас се борам како обична жена за загубената слобода, за своето помодрено тело и моите осрамотени ќерки. А вие или ќе ја добиете оваа битка или ќе останете робови...“. Првиот напад на еден од римските гарнизони се случил во почетокот на 61 година од н.е. Следеле уште пет други, а на чело на здружените племиња секогаш била



Будика. Според Касије, во тој период загинале 70 000 римски војници. Римскиот управител на Британија, кога дознал за катастрофалните загуби, ги собрал сите расположливи сили и тргнал кон Лондон. Одмаздата била свирепа. Римјаните ги масакрирале бунтовниците, а Будика, не сакајќи жива да им падне в раце, испила отров. Токму на тоа место, во центарот на Лондон, е изграден споменик во чест на големата британска хероина Будика Келтска.

### Зенобија – пустинска кралица и војсководец

Во пишаната историја за Римската Империја, голем простор е посветен на две жени кои не биле Римјанки. Едната е легендарната египетска кралица Клеопатра, а втората е Јулија Аурелија Зенобија, не помалку славна кралица на Палмирското Царство. Името на Зенобија е забележано во сите воени енциклопедии во кои е претставена како прва жена-вистински војсководец. Во генезата на нејзината воена слава нема апокрифни елементи ниту романизирани епизоди, освен можеби нејзиниот обид де се претставува како далечна роднина на Клеопатра. Од каде потекнува и што била пред да се омажи за палмирскиот крал Одент не е познато. Извесно е, меѓутоа, дека по неговата смрт во 267 година, целосно ја презема управата со малото асирско кралство, кое потоа, со меч во рака го проширува на сите четири страни, со што опасно ја загрозила римската управа во тој дел од Империјата и затоа се соочила со легиите на императорот Аурелијан. По победите во битките со Египќаните, во кои учествувала на чело на својата војска, Зенобија била убедена дека има сила да им се спротивстави и на Римјаните. Токму поради тоа, на писмото во кое Аурелијан од неа бара мирно да се предаде, му одговорила дека не треба да се шегува со кралицата на Ориентот. До воен судир помеѓу Зенобија и



Аурелијан дошло во Емеса (денешна Сирија) 272 година, а исходот на битката бил погубен за „пустинската кралица“. Кога видела дека поразот е неминовен, Зенобија тргнала кон Персија, но била заробена. Кога легионерите му ја довеле Зенобија, Аурелијан бил изненаден од нејзината убавина и достоинствено однесување. Во мигот кога одлучил да ѝ подари слобода, неговите советници го премислиле со предлог да се врати триумфално во Рим со заробената кралица. Зенобија низ римските улици била водена окована во златни синџири, така што славеникот Аурелијан останал во втор план. Интересно е што оваа голема владетелка не завршила трагично, туку останала достоинствено да живее во Рим.

### Ќерките на генералот Трунг

Во исто време кога Будика ги десеткувала римските легии на островот, во мугрите на новата ера, на Далечниот Исток сестрите Трак и Ни тргнале во пресметка со надмоќната кинеска армија. По загинувањето на татко им, тогашен воен командант на Виетнам, земјата целосно ја зазеле кинеските трупи. Бидејќи воените заменици се откажале од понатамошна борба, ќерките на генералот Трунг решиле поинаку. Постарата од сестрите, Трак, имала и лична причина за тоа, бидејќи за време на војната била силувана од кинеските војници. Двете девојки уште како мали девојчиња ги изучиле сите боречки вештини, а посебно се истакнувале во ракување со меч. Трак, најпрвин сама, придружувана од стотина сонароднички, почнала да ги напаѓа кинеските логори и по првите успеси ѝ се придружила и помалата сестра, но и илјадници Виетнамки. Така, за две години сестрите Трунг создале армија од 80 000 војници, главно жени, и зазеле добар дел од кинеската територија. Легендата вели дека Транг била посебно немилосрдна кон командантите на кинеските трупи, кои ги предизвикувала на двобој и ги победувала, така што Кинезите сметале дека е во прашање маж облечен во женски алишта. Но, како и Будика и другите жени-војсководци, и сестрите Трунг завршиле трагично. Во една од најголемите битки на Истокот, во првиот милениум од новата ера, далеку побројна кинеска војска ја поразила армијата на сестрите Трунг, а тие, не сакајќи да му паднат во рацете на непријателот, се самоубиле. Во знак на благодарност за нивното херојство и вечна слава, Виетнамците во престолнината им подигнале монументален споменик.

### Мистичното девојче од Орлеан

Во историјата не постои поголема загатка од онаа поврзана со ликот и делото на легендарната француска хероина Јованка Орлеанка. Со оглед на документираноста на сите историски настани сврзани со Франција, случајот на овчарката Јованка се вбројува во вечните тајни на нашата цивилизација. Веројатно и поради тоа, таа е најопишуваната личност во целокупната француска историја. Станува збор за девојка која со неполни деветнаесет години застанала на чело на француската војска и по стогодишна војна со Англичаните, извојувала конечна победа. Зад овој историски факт стои мистична



приказна за тоа како на едно неписмено девојче, овчарче, ѝ се јавиле ангели и ѝ советувале да биде побожна бидејќи била повикана да ја спаси Франција од злото наречено Англија. Седум години потоа, во 1429 годна, во времето кога се воделе најголемите битки во стогодишната војна помеѓу Англија и Франција, Јованка бара да го види престолонаследникот Шарл Седми. Откако него и неговите световни и црковни советници ги убедила дека Господ ја испраќа да ѝ помогне на Франција, ѝ било дозволено да ја преземе командата во одбрана на опседнатиот град Орлеан. И, навистина се случило чудо. Французите ги поразиле Англичаните, а Јованка го убедила Шарл да се круниса за крал. Потоа, облечена во машки алишта тргнала кон Париз. Со нејзина помош, и во таа битка била извојувана победа. Освен што во неа била ранета, Јованка ја заробиле сонародниците од покраината Бургундија, кои биле против Шарл Седми и истовремено сојузници на Англичаните. Ја одвеле во гратчето Руан и јавно ѝ суделе за злосторствата што ги сторила во борбите со Англичаните. Црковниот суд ја осудил за ерес и скрнавење на Господа и така, на 30 мај 1431 година, била жива запалена. Шест векови подоцна, 1920 година, Јованка Орлеанка била прогласена за светица, а нешто подоцна и за национален симбол на Франција.



## Ласкарина Бубулина – адмирал на воената морнарица

Родена во семејство на прочуени грчки морепловци во втората половина на 17 век, Ласкарина Бубулина буквално израснала на морските бранови. И нејзиниот татко и браќата биле заповедници на цивилни и на воени бродови, како и нејзините двајца мажи, така што имала од кого да учи, пред и самата да командува со воен брод. Во својата педесетта година ја презела командата на најголемиот брод на грчката воена морнарица, во време кога се воделе завршните битки за осамостојување на Грција. И тој и уште четири бродови ги купила со сопствени пари и со истите командувала во поморските битки против Турците, а во состав на руската воена флота под команда на Алексеј Орлов. Токму на негов предлог, Ласкарина добила чин на адмирал на руската, односно на грчката воена морнарица. За жал, големата хероина и мајка на седум деца не доживеела да се радува на ослободувањето и осамостојувањето на Грција, бидејќи починала неколку месеци порано. Се разбира, таа и денес се смета за една од најголемите жени-херои во грчката историја, и освен споменици и други обележја, за неа се снимени филмови и напишани се многубројни книжевни дела.

Миле Раденковиќ





# Организација и структура на НАТО



Вoената организација и структурите на НАТО се состојат од сите видови формации кои се вклучени и се користат за спроведување на политичките одлуки кои имаат воени импликации

Клучните елементи на воената организација на НАТО се: Воениот комитет (Military Committee - MC), кој е составен од шефовите на земјите-членки за одбрана на НАТО, неговиот извршен орган, односно Меѓународниот воен штаб и воената командна структура која е составена од Сојузничката команда за операции и Сојузничката команда за трансформација. Последните две команди се предводени соодветно од страна на врховниот командант на Сојузничките сили во Европа (Supreme Allied Commander Europe-SACEUR) и од врховниот командант на Сојузничките сили за трансформација (Supreme Allied Commander, Transformation-SACT).
Воениот комитет е воен орган во НАТО и едно од најстарите постојани тела после Северноатлантскиот совет. Двете тела биле оформени неколку месеци по формирањето на Алијансата. Со Комитетот претседава претседателот на Воениот комитет, кој е номиниран за тригодишен мандат. Претседателот на Воениот комитет претседава со Комитетот, каде што секоја земја-членка има воен претставник. Тој е висок воен офицер на НАТО, висок воен портпарол на Алијансата за сите воени прашања и главен воен советник на генералниот секретар. Понатаму, тој е канал преку кој началниците на генералштабовите се презентирани до органите за донесување политички одлуки. Од тука се издаваат насоки и директиви на стратегиските команданти (SACEUR и SACT, одговорни на Воениот комитет за севкупното спроведување на сите воени прашања на Алијансата во рамките на нивните области на одговорност) и на директорот на Меѓународниот воен штаб. Од една страна, Воениот комитет за стратегиските команданти обезбедува насоки за воени прашања, а од друга страна тесно соработува со нив во однос на воени процени, планови, прашања и препораки.
Воениот комитет е примарен извор за воени совети за цивилните тела за донесување одлуки на НАТО-Северноатлантскиот совет и Групата за нуклеарно планирање. Тој им нуди совети оформени врз основа на консензус од страна на сите началници на генералштабовите на НАТО.
Советите од Воениот комитет се бараат пред да се даде какво било одобрение за воена акција и следствено на тоа, претставува основна алка помеѓу политичките процеси при донесување одлуки и воената структура на НАТО.
Во овој контекст, Комитетот подготвува годишна долгорочна процена за силите,



можностите на земјите и областите кои претставуваат ризик за интересите на НАТО.
Главната улога на Комитетот е да обезбеди консензус за воената политика и стратегија на Северноатлантскиот совет и насоките на стратешките команданти на НАТО. Совети од Воениот комитет се бараат пред овластување од страна на Северноатлантскиот совет за НАТО-воените активности или работи. Телото претставува есенцијална врска помеѓу политичките процеси при донесување одлуки и воената командна структура на НАТО и е составен дел на процесот на донесување одлуки на Алијансата. Комитетот е одговорен за преведување на политичка одлука во воени насоки на НАТО на двата стратешки команданти: врховниот сојузнички командант за операции и врховниот сојузнички командант за трансформација (Supreme Allied Commander Operations and Supreme Allied Commander Transformation).
Воениот комитет е поддржан од страна на Меѓународниот воен штаб. Тој се состои од персонал од околу 500 вработени, исклучиво составен од воениот и цивилниот персонал од земјите-членки на НАТО, кои работат во седиштето на НАТО во Брисел. Тој им нуди стратешки и воен совет, му асистира на Северноатлантскиот совет за воените аспекти на политиката, операциите и трансформацијата во рамките на Алијансата. Меѓународниот воен штаб, исто така, гарантира дека одлуките на НАТО и политиките за воени прашања се спроведуваат од страна на соодветните воени тела на НАТО.



Штабот е предводен од страна на генерален директор и е составен од пет дивизии. Тие се: дивизија за разузнавање, обезбедува разузнавачка поддршка на сите елементи во штабот на НАТО, земјите-членки на НАТО и НАТО командите; дивизија за операции и планови, внимателно ги следи операциите на НАТО, оперативните планови и процедури за управување со кризи, воените одговорности во областа на воздушната одбрана, управување со воздушниот простор, балистички проектили за одбрана, електронско војување итн.; дивизија за политика и способности, ги регулира сите прашања поврзани со политиката на Алијансата за одбрана и стратегиско планирање во неколку широки области: стратегиски политики и концепти, нуклеарно одвраќање, хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна одбранбена политика, контрола на оружјето и политика на непролиферација со планирање на одбраната; дивизија за кооперативна безбедност, развива и спроведува воена соработка на НАТО со сегашните 41 земји-партнери на НАТО и е одговорна за координација на Алијансата со меѓународни и невладини организации како што се Обединетите нации, Европската унија, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Африканската унија, Советот за соработка во Заливот, Меѓународниот комитет на Црвениот крстот и многу повеќе; дивизија на логистика и ресурси ги развива и ги дефинира политиките и принципите, плановите и концептите на сите прашања во врска со логистика, медицински итни случаи и заеднички финансирани ресурси на НАТО.
Членовите на Воениот комитет се среќаваат редовно (најмалку еднаш неделно на формални или неформални сесии) на ниво на воени претставници и три пати годишно на ниво на шефови на одбраната. Високите воени офицери од земјите-членки на НАТО и цивилните претставници од Исланд (затоа што нема воени сили) кои служат како претставници на нивната земја во НАТО, ги претставуваат своите шефови на одбраната. Во рамките на Евроатлантскиот партнерски совет и програмата Партнерство за мир, Воениот комитет редовно се состанува со земјите-партнери на ниво на националните воени претставници (еднаш месечно) и на ниво на началници на одбрана (двапати годишно). Воениот комитет, исто така, се состанува во различни формати во рамките на Советот НАТО-Русија, на комисијата НАТО-Украина и на комисијата НАТО-Грузија, како и со началниците на генералштабовите од седумте земји од Медитеранскиот дијалог.

Драган Павловски



# Вооружените сили на ЛУКСЕМБУРГ

Луксембург е многу активна во меѓународната соработка. По Втората светска војна, учествувала во формирањето на Царинска унија со Белгија и со Холандија (Бенелукс), во 1957 г. била основачки член на Европската економска заедница (ЕЕЗ, од 1993 г. ЕУ) и членка на НАТО од 1959 година

Големото војводство Луксембург е европска уставна монархија која функционира како парламентарна демократија и е единственото големо војводство во светот. По поразот на Наполеон во 1815 г., на Виенскиот конгрес, Луксембург се стекнала со независност и со статус големо војводство - држава или територија со која владее војвода или војвотка. Луксембург е многу активна во меѓународната соработка. По Втората светска војна, учествувала во формирањето на Царинска унија со Белгија и со Холандија (Бенелукс), во 1957 г. била основачки член на Европската економска заедница (ЕЕЗ, од 1993 г. ЕУ) и членка на НАТО од 1959 година. Големиот војвода е и врховен командант на вооружените сили (ВС) на Луксембург. Во состав на ВС се армијата и жандармеријата. Одбранбената политика на државата ја дефинира и ја имплементира министерот за одбрана. Одбранбениот директорат, кој е во рамките на Министерството за надворешни и европски прашања, е советодавно тело на министерот по прашања за развојот на одбранбената политика и врши супервизија на нејзината имплементација. Исто така, има целосна контрола над менаџирањето со човековите и финансиските ресурси во армијата. Директоратот се состои од три сектори: за одбранбена политика и меѓународни односи, за стратегиско планирање и инвестирање и за ресурси.
Мисии на вооружените сили на Луксембург се: на национално ниво: одбрана на територијата на Големото војводство, заштита на виталните објекти и помош на цивилното население во случај на несреќи и природни катастрофи; на меѓународно ниво: придонес кон колективната одбрана во рамките на меѓународните организации чија членка е, и учество во мисии за поддршка на мирот и за управување со кризи.
Министерот за одбрана е одговорен за извршување на мисиите, за структурата и за опремувањето на армијата. Со армијата командува армиски командант (вообичаено со чин полковник, а може да биде и генерал), и таа се состои од:
- команда;
- копнена компонента, во чиј состав






има: оперативни, административни и логистички единици, служба за здравствена заштита, воено училиште и оддел за спорт;

- воздухопловна компонента;
- воено судство;
- воен оркестар;
- капеланска служба.

Оперативна единица во копнената компонента е лесниот пешадиски баталјон, составен од Еврокорпус извидувачка чета, НАТО-извидувачка чета и командна чета. Од вооружување и опрема има: пиштоли Glock17, пушки 5,56мм Steyr AUG, пушкомитралези 5,56мм Minimi SPW, митралези 12,7мм M2 HB, минофрлачи 81мм, хаубици 105мм, противтенковски систем TOW ATGW, противавионски митралези 12,7мм, извидувачки возила M 1114 (HMMWV), оклопни транспортери Commando, оклопни борбени возила Dingo 2 и др. Воздухопловната компонента е формирана заради нормативно-правни

работи за регистрација на 17 НАТО-воздухоплови Е-3А и 3 Boeing 707 TCA, од составот на НАТО-силите за рано предупредување (NATO Airborne Early Warning Force).

Жандармеријата, откако била одделена од полицијата во 2000 г. е вклучена во системот на одбрана како извидувачки, капацитети за обезбедување и како воена полиција.

Бројот на персонал во армијата е одреден со закон: офицери - 83 (80 во копнената компонента, 2 во здравствената заштита и началникот на воениот оркестар), подофицери - 287 (206 во копнената компонента, 6 во здравствената заштита и 75 во воениот оркестар), професионални војници – 90 и бројот на цивили не може да биде поголем од 170 (без наставниот кадар во военото училиште). Во состав на персоналот на армијата се и доброволци, а нивниот број го определува големиот војвода. Меѓу нив има и повеќе странци од земјите-членки на ЕУ, од кои најмногу Португалци (7 – 10%). Вкупниот број на персонал во армијата е околу 900. Од нив, подофицерите од здравствената заштита и офицерите ги промовира и ги поставува големиот војвода. Останатите подофицери и професионалните војници ги промовира и ги поставува министерот за одбрана. Жандармеријата се состои од персонал од околу 600 лица.

Воениот рок не е задолжителен уште од 1967 г. и трае 3 години. Доброволците, државјани на Луксембург, на возраст од 18 до 24 години, кои ќе ја завршат воената обука, може да бидат вработени во полицијата, во царината, во поштата, во општината, во комуналните претпријатија итн. или да ја продолжат војничката кариера како подофицери.

## Одбранбени прашања

По одлуката на НАТО-самитот во 2014 г. за издвојување 2% од БДП за одбраната, владата на Луксембург ја објавила првата конкретна цел - да го зголеми воениот буџет од 0,4% од БДП (222 мил. евра) во 2014 г. на 0,6% во 2020 година. За 2018 г. тој изнесувал над 343 милиони евра, што е околу 0,55% од БДП. Нивна долгорочна амбиција е воспоставување стабилно долгорочно планирање и трошење на воениот буџет. Најинтензивна меѓуармиска соработка има со Белгија. Најголемиот дел од офицерскиот персонал е школуван таму, а заедничките распоредувања во мисии надвор од државата се веќе практика. Најголем број заеднички проекти во областа на одбраната, особено во заеднички набавки на воена опрема, има со Белгија и со Холандија. Активна соработка традиционално има и со Германија и со Франција, особено во рамките на Европскиот корпус, повремено во рамките на Франко-германската бригада и во областа на обуката и заедничкото распоредување во мировни мисии.

Во 2013 г. бил потпишан договор со Холандија и со Белгија за контрола на воздушниот простор над трите држави од страна на белгиските и холандските воздухопловни сили, почнувајќи од 2016 г. со два борбени авиони „F-16“.

Активно соработува со НАТО-структурите, со Врховната команда на сојузничките сили за Европа (SHAPE), со ЕУ и Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ).

Со долгорочниот план за развој на одбраната, до 2025 г. е предвидено:
- вложување во развој на армијата со примена на технички и технолошки достигнувања;
- модернизација на сопствените разузнавачки и извидувачки капацитети, со инвестирање во нови технологии;
- развој на воздухопловната компонента со набавка на нови капацитети, главно за стратегиски авиотранспорт, медицинска евакуација и набљудување на воздушниот простор;
- имплементација на вое558медицински проект кој предвидува разместување на медицински специјализирани тимови, со цел поддршка на државните болници во случај на кризи и вонредни ситуации;
- развој на експертиза и капацитети за кибернетичка (сајбер) безбедност, посебно за персоналот упатен во мисии;
- развој на стратегија за инволвирање на индустријата, иноваторството и истражувачката дејност во градењето и развојот на одбранбени можности и капацитети на државата;
- развој на стратегија за регрутирање на соодветен специјализиран персонал во состав на ВС;
- формирање национална агенција за развој на капацитети со цел имплементирање на проекти и инвестиции за потребите на одбраната.

Со плановите е зацртано:
- во рамките на НАТО: да продолжи со инвестирање во воени капацитети и можности, неопходни за потребите на колективната одбрана и учество во НАТО предводени операции и
- во рамките на ЕУ: да продолжи со учество во заедничките аквизициски програми во рамките на Европската одбранбена агенција (EDA) и учество со свои единици и капацитети во состав на борбените групи на ЕУ (EUBG).

М.С.





# Карактеристики на современите мировни операции

Со крајот на Студената војна, мировните операции се зголемија и во број и во величина. Првите мисии, „првата генерација на мировна операции“, како што беа наречени, ги сочинуваа од неколку стотици до неколку илјади војници. Тие војници беа со мандат за набљудување, надгледување на прекините на огнот или раздвојување на завојуваните страни. Последните мировни операции не само што се значително зголемени по број на војници, туку им се проширени, односно зголемени и нивните активности за време на мисијата. Во една прилика генералниот секретар на НАТО, г. Расмунсен, посочи дека „величината на трупите и видот на операции зависат од природата на мандатот и нивото на соработката од завојуваните страни“. „Втората генерација“ на мировни мисии се нарекуваат и како „мировни операции“, чија главна задача сега не е само набљудувањето на прекинот на огнот или раздвојувањето на завојуваните страни, туку и создавањето на пријателска атмосфера која ќе резултира со долготраен мир. Политичките претставници на НАТО напоменуваат дека мисијата на современите мировни операции кои имаат комплексна стратегија за

Крајот на Студената војна предизвика потреба за пофункционални, повеќедимензионални мировни операции, чиј резултат во новите задачи зависи од соработката и координацијата помеѓу воените и цивилните учесници. Искуствата од последните неколку години покажуваат дека само добро испланирани и координирани комбинации на цивилните и воените мерки, можат да создадат услови за долготрајна стабилност и мир во поделените општества

интервенција, треба да се фокусира на девет тактички нивоа истовремено: координирани акции од страна на владите, невладините организации, бизнис на трговски компании и граѓаните, истражувачката едукација на институциите за обука, религиските заедници, филантропски организации и медиумите. Само соработката помеѓу сите овие актери присутни во современите мировни операции може да гарантира ефикасност на привремената мисија и траен мир.

Крајот на Студената војна предизвика потреба за пофункционални, повеќедимензионални мировни операции, чиј резултат во новите задачи зависи од соработката и координацијата помеѓу воените и цивилните учесници. Искуствата од последните неколку години покажуваат дека само добро испланирани и координирани комбинации на цивилните и воените мерки, можат да создадат услови за долготрајна стабилност и мир во поделените општества.

За да се постигне сето тоа, воените единици од нивниот дел треба да се обидат да ги подобрат релациите или односите со невладините организации во обид однапред да обезбедат центри за ЦВС и други воени тела за синхронизација на активностите во одредена зона или регион.

Исто така, офицери за врска се испраќаат во главните невладини организации на теренот. Овие чекори за подобрување на соработката се од голема помош за двете страни за пдообра координација на нивните активности. Исто така направија многу полесно да коегзистираат во сложената



реалност на мировните мисии.
Во современите мировни операции, достигнувањето за долготраен мир зависи главно од повеќе невоени насочени активности. Бројот на актерите кои учествуваат во новите мировни операции енормно порасна. Комплексноста и повеќефункционалните видови на современи мировни операции имаат постигнато воените единици и цивилните организации тесно да соработуваат, што бара формирање на центри за ЦВС и воени офицери за врска за тесна соработка со цивилните институции и организации. Но, има уште многу да се направи и многу нешта да бидат унапредени. Многу често, заради недостаток на разбирање и искуство од теренот, и двете компоненти, армијата и цивилните организации, имаат потешкотии (се мачат) со партнерите на теренот. Хуманитарните акции се еден од трите столба на ООН, покрај операциите за постигнување на мир, и операциите за зачувување на мирот, потребно е да се има предвид дека хуманитарната помош не треба да биде обезбедувана само од цивилните организации, туку во координација и соработка со воените контингенти на теренот. Единствено соработката помеѓу армиските трупи и цивилните организации може да доведе до плодна и ефикасна соработка, и истата треба да се земе предвид уште во почетното планирање на мировните операции. Исто така, многу важно е дека таа соработка треба да се интегрира и во обуката на армискиот персонал кој ќе учествува во такви операции.



## Основни карактеристики на средината во зоната на операции

Персоналот за цивилно-воена соработка (ЦВС) во предупатниот период, односно за време на обуката и подготовките во своите национални армии, посебно внимание треба да посвети на проучувањето на средината со сите свои карактеристики во зоната на операции каде ќе биде упатен.
Не само политичарите и персоналот што ги планира мировните операции, туку и целокупниот воен персонал, а посебно ЦВС-персоналот треба да знаат дека не само воената единица, туку и цивилните организации ја претставуваат средината во ЗО. Исто така, во таа средина се и локалното население, локалната власт, компаниите, племенските лидери. Исто така, и секоја индивидуа претставува важен елемент во ЗО.
Само со изнаоѓање на соодветни комуникациски канали помеѓу воените сили и сите цивилни организации и локалната популација, може да се очекува исполнување на целта на мисијата.
Персоналот за ЦВС, за успешно извршување на своите задачи треба да го има предвид и следново:

- пред пристигнувањето во ЗО треба комплетно или одлично да ја познава историјата на конфликтот во областа. Познавајќи ја политичката и историската ситуација, значително ја зголемува можноста за подобро разбирање и успешно спроведување на мисијата;
- за време на работата на теренот треба да биде заинтересиран за сѐ што го опкружува. Со покажувањето на интерес за однесувањето на локалното население, за неговата култура и обичаи, систематски го зголемува неговото знаење, што може да резултира со проширување на перцепциските способности и до зголемување на ефектите од неговата работа;
- кога ќе се сретне со некаков проблем не треба да се воздржува со поставување на прашања за проблемот до неговите придружници. Секогаш е подобро да се споделат нашите сомневања со некој, исто така секогаш е добро да се слушне мислењето и на другите;
- кога учествува во разни конверзации, разговори, многу е битно да биде сигурен дека ги разбира проблемите и работите во доволна мера. Ќе повторам, со поставување на што повеќе прашања, ЦВС-персоналот си помага да ги разбере нештата подобро и ќе покаже вистински интерес за проблемот;
- исто така, многу е важно да посвети посебно внимание на неговите стереотипи. Додека делува во меѓународна средина и соработува

со различни нации и различни култури кон неговите партнери треба да се однесува со особен респект.

Додека воените мировни сили обично се многу добро снабдени и брзо распоредливи, механизмите на цивилните организации се многу побавни.

Сепак, хуманитарната заедница, се разбира, е зависна од финансирање, генерално поддсржана од донаторите. Сите цивилни организации во зоната на операции многу често имаат потреба од асистенција од војската за обезбедување, транспорт и логистика. Сето тоа треба да биде добро координирано.

Многуте цивилни организации имаат и различен авторитет. Некои од нив делуваат како сосема независни органи, некои мора да се јавуват во командата на мисијата, некои оперираат во регионите и рапортираат на стратегиско ниво.

За да се обезбеди долготраен мир, мировните операции би требало во иднина да бидат повеќе невоено ориентирани, вградувајќи ги и човековите права, образованието и мониторирањето, односно надгледувањето на изборите, асистенцијата на судските реформи и цивилната администрација, обуката на јавните личности, обезбедувањето на хуманитарната помош, враќањето на раселените лица и бегалци, деминирањето на теренот, помирувањето и постконфликтната реконструкција



## Карактеристики на воената и на цивилната компонента во зоната на операции

Карактеристичните разлики и различната должина на мисијата на командантите на воените единици и претставниците на цивилните организации, создаваат и дополнителни проблеми во координацијата и соработката. Лицата на чело на различните цивилни организации, било тоа да се меѓународни или невладини, често се недоволно подготвени за специфичните мандати и за менаџирање на одговорноста во зоната на операции. Така, имајќи ја предвид реалноста дека мировните мисии се многу комплексни и бараат перманентна соработка и координација на воената единица со сите други учесници во зоната, неподготвен лидер може сериозно да ја намали способноста и на двете компоненти за постигнување на заедничката цел.

Недоразбирањата помеѓу двете компоненти, воената и цивилната, многу често се заради немањето искуства за работа во една таква средина. И на воената и на цивилната компонента, исто така, често им недостасува искуство за решавање на такви проблеми за соработка. Различните концепти и очекувања од двете страни можат да доведат до значителни недоразбирања.

Ќе наведам некои од недоразбирањата кои често се јавуваат на теренот:

а) Војската понекогаш има погрешна перцепција дека на невладините организации треба да им се нареди, да им се издаде задача, не знаејќи или не земајќи го предвид фактот дека тие си имаат свои приоритети и задачи и имаат одговорност пред нивните донатори.

б) Цивилните организации исто така грешат кога мислат дека воените единици се на теренот за нивна поддршка и очекуваат нереална поддршка од нив, не знаејќи дека воените единици на теренот имаат свои јасни задачи и не можат секогаш да бидат таму каде што невладините и цивилните организации очекуваат нивна асистенција.

в) И воените единици и цивилните организации меѓусебно се обвинуваат за нивна несоодветна подготвеност за извршување на мисијата. И во воената и во цивилната заедница постојат повеќе дилеми. Една од најголемите е дали и двете компоненти играат еднакво важна улога во зоната на операции или кој треба да ја игра главната улога во зоната.

Локалното население и завојуваните фракции исто така можат сериозно да ја спречат ефикасноста на сите мировни напори на двете компоненти.

Ќе набројам неколку од поважните карактеристики во однесувањето на воените и цивилните актери на теренот во современите мировни мисии:

- и двете компоненти генерално настојуваат за непристрасност односно неутралност;
- повеќе од цивилните актери оперираат независно, додека во повеќето случаи мораат да соработуваат со воените трупи, главно заради обезбедување на одредени нивни активности;
- воената компонента се фокусира на целите на мисијата, додека цивилните организации претендираат на „long-term“ решенија;
- можеби не секогаш, но почесто, на патот кон освојувањето на симпатиите на локалното население, не само воената компонента, туку и хуманитарните организации прават нешто за луѓето отколку со луѓето, заборавајќи дека е потребно многу време за градење на доверба помеѓу локалното население и придобивањето на нивните симпатии.

Цивилно-воената соработка е алатката која треба да помогне во надминувањето на сите недоразбирања и координацијата на сите потреби и помош помеѓу двете компоненти во мировната операција. Само едуциран и обучен ЦВС-персонал може да постигне таква соработка за полесно доаѓање до заедничката цел и на двете компоненти во зоната на операции.

м-р Симеон Митрев



# Визуелизација со оперативен дизајн

Оперативниот дизајн е методологија на концептуално планирање што користи креативност, критичко размислување и интеграција на различни доктрини и теории. Дизајнот им нуди на командантите дополнителна алатка за сфаќање на лошо структурирани, комплексни и тешко разбирливи ситуации

Оперативен дизајн е нелинеарна, интерактивна и континуирана когнитивна активност која се базира на три прашања: во кој контекст се применува (каква е оперативното опкружување), на што се однесува (што е проблемот) и што треба да се направи (кое е решението). Планирањето со дизајн е непрекинат процес, тој не следи линеарна низа и не завршува кога ќе се најде решение. За разлика од процесот на донесување одлука, дизајнот не се користи само за создавање на продукти, туку и за создавање на системи. Тој може да се примени во целиот спектар на војување, а негова главна карактеристика е тоа што може да биде истовремено и општ и детален. Како професионални алатки за планирање, дизајнерот треба да има воедно практично искуство и теоретски познавања. За да се усоврши и надоврзе на неговиот интелектуален развој, потребна е многу обука, менторство и искуствено учење. Методологијата на оперативен дизајн ги обединува прашањата „како“ и „зошто“, а може да се употреби



во планирачкиот процес на три начини. Прво, може да му претходи на планирањето, или командантот да одбере штабот да започне со планирање откако ќе се развие дизајн на операцијата. Второ, дизајнот и планирањето може да се одвиваат одеднаш. Тоа се прави преку спојување на двете доктрини, на процесот на донесување на одлука и на развивање на оперативен концепт преку елементите на оперативен дизајн. Трет начин е дизајнот да се појави откако ќе заврши планирањето и ќе започнат операциите. Командантот може да примени оперативен дизајн поради зголемување на комплексноста како резултат на операциите, што веќе стана нормална работа во современото војувалиште. Иако е направен одличен план, откако се стави



Планирањето со дизајн е непрекинат процес, тој не следи линеарна низа и не завршува кога ќе се најде решение. За разлика од процесот на донесување одлука, дизајнот не се користи само за создавање на продукти, туку и за создавање на системи

во акција, последиците произведуваат нови ситуации и услови: кој е првиот елемент на дизајнот, од каде ќе започне нов циклус на сфаќање на оперативното опкружување, проблемот и решението. Во сите три случаи, дизајнот се иницира кога оперативното опкружување не може да се сфати со примена на линеарно размислување на кое главно се потпира вообичаеното воено планирање.
Дизајнот не завршува кога ќе се издаде директивата за планирање, бидејќи преформулирање на проблемот ќе зависи од тековните повратни информации. Со цел да премине од теорија во практика, јазикот на дизајнот продолжува да се развива во смисла на негово поедноставување. Со примена на оваа методологија на оперативно ниво, веќе постои проблем околу сфаќањето на поимот „центар на гравитација“. Клаузевиц го поврзува центарот на гравитација со масата на противникот, или она што доколку се уништи, тој ќе биде победен. Дилемата е што ова се однесува на стратегиско ниво. Меѓутоа, планерите на оперативно ниво често го користат терминот за да ги опишат оперативните цели. Ова не е нова дилема, бидејќи има организации кои задаваат центри на гравитација и на тактичко ниво (доктрина на американските маринци). Ако прифатиме дека поимот е наменет за планирање на кампањи составени од повеќе операции, ова е погрешно, бидејќи уништувањето на „тактички центар на гравитација“ нема да доведе до победа во војна. Можеби уништување на „оперативен центар на гравитација“ може индиректно да придонесе во кампањата но, сепак, со „центар на гравитација“ треба да се опише она што е вистинскиот извор на моќ на противникот. Тоа, на пример, никогаш не може да биде географски поим.
Дизајнот во иднина ќе најде своја примена за да се сфати нелинерното војување кое е во подем. Еден од методите на нелинеарното војување е рефлексивната контрола. Целта на рефлексивната контрола не е само да се измами противникот, туку да се манипулира неговото однесување да одлучува кон однапред подготвени сценарија. За да се примени рефлексивна контрола, потребно е добро да се познава противникот, неговите мотиви, желби и амбиции. Од друга страна, дизајнот се занимава со откривање на скриените намери и изворот на проблемот. Токму затоа е соодветен планирачкиот метод кој може да предвиди вакво дејство. Бидејќи користи холистички пристап за длабока анализа со помош на модели за системско размислување, може ефикасно да се спротивстави на рефлексивната контрола. Доколку се открие како противникот мисли и дејствува, неговите мотиви, желби и амбиции може да се манипулираат со подметнување на готови информациски пакети т.е. да му се нуди тоа што тој сака и очекува. За рефлексивната контрола да биде практична, покрај познавање на противникот, потребно е сфаќање на сите други актери во опкружувањето. Тоа е неопходно за да се направат валидни претпоставки врз основа на фактите. Најважно за примена на рефлексивната контрола се брзите и точни информации. За





Дизајнот се користи во ситуации кои се однесуваат на проблеми во комплексни средини кои не може да бидат експлицитно наведени поради ризикот да ја преувеличат ситуацијата. На пример, во противбунтовнички операции, самото назначувањето на целите може само по себе да биде проблематично

да се предвидат следните чекори на противникот, мора да се има далеку повеќе информации од него. Оперативниот дизајн може успешно да парира на сето ова што го прави соодветна методологија за нелинеарно војување.
Дизајнерите одредуваат цели со тоа што креираат „нови“ проблеми кои не може да се видат со нормалното планирање. Кога ќе ги решат овие проблеми што самите ги поставиле, доаѓа до нова состојба која треба да го поедностави планот. Дизајнот се користи во ситуации кои се однесуваат на проблеми во комплексни средини кои не може да бидат експлицитно наведени поради ризикот да ја преувеличат ситуацијата. На пример, во противбунтовнички операции, самото назначувањето на целите може само по себе да биде проблематично. Добар конвенционален пример кога проблемот настанува токму како резултат на акција е одлуката на адмиралот Нагумо во битката за Мидвеј. Врз основа на непотврдена информација за структурата на американските сили неколку часа пред битката, тој наредил авионите да се вооружат со торпеда и бомби. Кога се појавиле американските авиони, јапонските носачи останале незаштитени бидејќи нивните авиони биле несоодветно вооружени. Во „Вештина на војувањето“ и Сун Цу предупредува дека понекогаш најдобро е воопшто да не се реагира. Ако штетата е помала доколку не се прави ништо, тогаш е подобро од кое било сценарио. Затоа, не е невообичаено дизајнерот да понуди како решение – да не се преземе ништо.
Кога ќе се наиде на лошо структуриран проблем, тој мора да се стави во одредена рамка од каде ќе почне да се планира. Дизајнот го овозможува ова со употреба на визуелизација и метафора, стари методи за сфаќање на проблем кој тешко се опишува. Кога станува збор за комплексни задачи, вака поставената проблемска рамка не останува иста. Таа се оценува постојано дали е правилно поставена и како се менува со промената на условите во оперативното опкружување. Рамката се менува за да не дојде до решавање на погрешен проблем, наместо зададениот. Изнаоѓање на решенија по секоја цена само за да се даде некаков резултат е бирократска замка и комплексниот проблем не само што нема да го реши, туку и ќе го усложни. Поради ова се случува проблемите да се трупаат сè до



точка после која нема враќање.
За разлика од линеарното планирање, дизајнот има уште една уникатна предност. Токму поради неопходноста од примена на критичко и креативно мислење, дизајнерите потешко може да паднат во логичка замка. Тие постојано го преиспитуваат проблемот и се сомневаат дали воопшто е правилно поставен. Во процесот на донесување на одлука, концептуалното планирање секогаш му претходи на детаљното.
Процесот на добивање продукт со оперативен дизајн опфаќа: сфаќање на оперативното опкружување, поставување на проблемска рамка, создавање на теорија на дејствување, разработување на проблемот, развивање на концепт, процена и преструктурирање на проблемската рамка.
Сфаќањето на оперативното опкружување со методологијата на оперативен дизајн подразбира негова концептуализација во форма на систем. Тој се претставува во рамка, објаснето графички и со наратив за да биде прегледно на прв поглед, а ги опфаќа сите состојби и услови во опкружувањето, историски настани и врски, моменталната состојба, релевантните актери и нивните интереси и цели.
Поставување на проблемот во слична рамка, графички и со наратив, следува само откако ќе се расчисти целосно, со сфаќање на оперативното опкружување. Без правилно поставување на задачата, таа не може правилно да се реши. Разбирање на динамиката на оперативното опкружување ќе овозможи да се открие што лежи под иницијалните симптоми, за да се уочат изворните причини за проблемот. Само откако дизајнерите ќе дојдат до прифатливо објаснување за тоа зошто ситуацијата се развила онака како што е, тие ќе ја зададат првичната проблемска рамка. Ова е една од најголемите разлики меѓу дизајнер и „обичен“ планер, бидејќи најчест пропуст во процесот на донесување одлука е што планерите директно се впуштаат во решавање на проблемот, или поради немање време или поради нетрпеливост. На тактичко ниво, планирањето на брза рака е прифатливо и нужно. Меѓутоа, оперативното планирање мора да биде детаљно, а за тоа треба концептуален (дизајнерски) план.
Создавање на теорија на дејствување следува како продолжение на проблемската рамка. Таа е хипотеза која сугерира како да се реши проблемот, почетната креативна искра на дизајнерот која го фокусира кон изработка на оперативен концепт. Теоријата на дејствување, исто така служи како основа за стратегиска комуникација, бидејќи овозможува со една изјава да се објасни што ќе се прави за да се реши проблемот.
Разработување на проблемот подразбира прочистување на рамката на оперативното опкружување во писмена и графичка форма со кој се дефинира каде ќе се интервенира. На пример, фокусирање на одредени актери во опкружувањето и промена на нивните меѓусебни врски. Проблемската рамка го објаснува проблемот преку идентификување на областите во оперативното опкружување кои треба да се сменат, но не го насочува планерот како да го реши. Теоријата на дејствување дава насоки, но не го кажува заемниот однос на областите. Затоа во процесот за добивање на продукт следува развивање на дизајнерски концепт кој го решава или го насочува проблемот. Дизајнерскиот концепт обично се изразува во форма на стратегија, составена од збир на меѓузависни и синхронизирани линии на напор.

Сфаќањето на оперативното опкружување со методологијата на оперативен дизајн подразбира негова концептуализација во форма на систем. Тој се претставува во рамка, објаснето графички и со наратив за да биде прегледно на прв поглед, а ги опфаќа сите состојби и услови во опкружувањето, историски настани и врски, моменталната состојба, релевантните актери и нивните интереси и цели

Процена и преструктурирање на проблемската рамка е неизбежно при решавање на комплексни операции кои траат подолго време. Голема е веројатноста првичните цели на планот да се променат во текот на извршувањето. Овие промени треба да се очекуваат, бидејќи комплексните системи неизбежно се менуваат со секоја интеракција со нив. Клучот за способноста да се приспособиме на промените во оперативното опкружување е да ги препознаеме промените веднаш штом се случат. Идентификување на разликите меѓу очекуваното и реализираното логички води кон процена дали планот е валиден или е потребно негово поправање. Меѓутоа, дизајнот, во споредба со процесот на донесување одлука, овозможува не само да се приспособи планот, туку доколку е потребно, и да ја преструктурира проблемската рамка. Методологијата на оперативен дизајнот ја спречува честата логичка замка на упорно решавање на погрешно поставен проблем.
Оперативниот дизајн во суштина вклучува разбирање на стратегиските насоки, идентификување на сопствениот и на противничкиот центар на гравитација, како и на критичните фактори за развивање на концепт, или што да се прави во врска со тоа. Иако оперативниот дизајн ги вклучува клучните фактори кои се користат како рамка за планирањето на кампањи или големи операции, неговата полезност може да се примени и во други области надвор од војската. Во перспектива, тоа е алатка која може секому да му овозможи да го визуелизира светот и неговото место во него.

д-р Ѓорѓи Вељовски





# Одбележан Денот на 1. механизиран

На 26 февруари во касарната „Боро Менков“ во Куманово, со воена свеченост припадниците на 1. механизиран пешадиски баталјон (1. мпб) од составот на 1. мпбр го одбележаа Денот на единицата, 26 февруари – денот кога во 1944 година во селото Жегљане, Кумановско, беше формирана 3. МНОУБр (Македонска народноослободителна ударна бригада). На свеченоста присуствуваа началникот на Штабот во ЗОК, бригаден генерал Орце Јордев, командантот на 1. мпбр, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, претставници од ЗОК, командантите на баталјони од составот на 1. мпбр, поранешните команданти на 1. мпб, припадници на Сојузот на борци од Куманово, локалната самоуправа, граѓански здруженија и организации од зоната на одговорност со кои 1. мпб има долгогодишна соработка. На свеченоста со свои говори се обратија командантот на 1. мпбр, бригадниот генерал Мирче Ѓоргоски и командантот на 1. мпб, потполковник Стојанче Костов.
По свечените говори за историскиот пат на 3. МНОУБр, работата и достигнувањата на припадниците на 1. мпб во обуката, секојдневните активности, активностите во мировните операции

# пешадиски баталјон




надвор од Републиката, учеството во меѓународните вежби и идните активности на Баталјонот, првиот вод од Третата механизирана пешадиска чета беше прогласен за најдобра единица во Баталјонот за 2018 година. На крајот припадниците на 1. мпб пред присутните гости на прославата изведоа и свечено дефиле. По повод Денот на Баталјонот беа унапредени, наградени и пофалени одреден број на професионални војници, подофицери и офицери од Баталјонот кои особено се истакнале во работата и обуката, а со тоа дале и свој придонес во јакнењето на борбената готовност на единицата.



# Оклопно возило „PVP Panhard“

„PVP“ (Petit Véhicule Protégé) е универзално мало оклопно возило, со погон на тркалата 4x4. Оклопот на возилото е изработен од заварени тврди челични плочи со дебелина од 6 mm, легури на алуминиум со дебелина од 10 mm и керамика (на одредени позиции). Овој оклоп обезбедува целосна заштита на возилото според STANAG 4569 ниво 2, односно штити од лесни пешадиски оружја кои дејствуваат со муниција калибар 7,62 mm, од шрапнели на гранати, противпешадиски мини и дејство на импровизирани експлозивни направи од 50 kg TNT, на далечина од 5 m. По барање на корисникот, оклопната заштита на некои верзии од возилото може да се зголеми до STANAG 4569 ниво 3. Возилото поседува класична градба за оклопен автомобил. Подвозјето е составено од крути мостови со попречни засилувања и спирални пружини за амортизација на кои се поставени моторот со трансмисијата и големи куќишта на дифренцијалот. На ваквото подвозје се поставува оклопната каросерија со кабината. Во предниот дел на каросеријата е моторното одделение, каде е вграден турбо дизел-моторот IVECO 8140 2.8litre, со моќност од 160 кс, во комбинација со автоматскиот менувач ZF 4 HP 220 S, кој поседува 5 брзини за движење нанапред и 1 за назад. Во зависност од теренските услови, по желба на возачот, погонот на тркалата може да се приспособува 4x4 или 4x2. Зад моторното одделение е кабинскиот моноволуменски простран оддел (со волумен од 4,5 m³), во кој лево е сместен возачот, десно е сместен командирот, а зад нив е транспортниот простор. За потребите на возачот и командирот напред е поставена една голема шофершајбна од блиндирано стакло и по една бочна врата со мало блиндирано стакло под кое е поставен пушкарник. Во транспортниот оддел на основната верзија од возилото, се вградени едно или две седишта, а за приод одзади е вградена една голема врата. За набљудување од задниот оддел бочно се вградени мали блиндирани стакла, плус едно мало блиндирано стакло на задната врата. Под овие блиндирани стакла на некои верзии се вградени пушкарници. На кровот од возилото централно е поставен еден отвор со поклопец. Кај овој поклопец, во зависност од потребите на корисникот, на возилото може да се поставува тежок митралез со калибар од 12,7 mm, пушкомитралез со калибар од 7,62 mm или автоматски лансер на гранати со калибар од 40 mm. Некои верзии се опремени и со далечински управуваната борбена станица WASP, а полициските верзии со лансери на неубиствено оружје. Врз основите на практичниот и едноставен дизајн на PVP-возилото, се развиени повеќе верзии, и тоа: PVP HD (Heavy Duty), од кој подоцна е развиена верзијата „Gavial“ за германската армија, PVP XL и PVP APC оклопниот транспортер. Верзијата PVP HD е поголема од основниот модел и обезбедува заштита STANAG 4569 ниво 3. Поседува 4 бочни врати и една задна врата, а максималната тежина му изнесува 7,6 тони. Волуменот на транспортниот простор му изнесува 7 m³, а може да понесе 2 тони товар. Во него може да се сместат 6 војници. Верзијата PVP XL има помоќен мотор, а може да обезбедува заштита STANAG 4569 од ниво 2, до ниво 4. Поседува 4 бочни врати и една задна врата, а максимална тежина му изнесува од 10 до максимум 12 тони (зависно од верзијата). Волуменот на транспортниот простор му изнесува 9,2 m³, а може да понесе 3 тони товар. Во него може да се сместат 10 војници. Верзијата PVP APC поседува повисок кров за 15 cm, со цел удобно сместување на 6 војници. Овие модели послужиле за создавање на верзија за борбена поддршка, комуникациско возило, противоклопно, командно, медицинско возило, полициска верзија и други. Од опрема во возилото има, или може да се вгради, систем за автоматско регулирање на притисокот во пневматиците, „run flat“ вметнување на бандажите, системи за комуникација, клима уред, лансер на димни гранати, чекрк за извлекување, опрема за извидување/ набљудување, АБХО-систем за заштита, серво-волан за управување, систем за попречување на сигнали и друго, плус ако е поставена кука може да влече приколка со товар до 3 тони. Возилото е приспособено за воздушен транспорт со авионите „C-160 Transall“, „C-130 Hercules“ и „A400M“, а може да се превезува и со тешкиот транспортен хеликоптер „CH-53“.
Досега се произведени над 1130 возила, а корисници се: Франција, Того, Германија, Чиле, Сенегал и Романија. Денес возилото се води под името „Dagger“, а се произведува од компанијата „Arquus“, која е во склоп на „Renault Trucks Defense“.

Ивица Дамески







**Пресек на „PVP Panhard“**

1. Дводелна хауба
2. Блиндирано стакло со дебелина од 12 cm
3. Пушкомитралез „FN MAG“
4. Поклопец од транспортниот оддел
5. Блиндирано стакло со дебелина од 12 cm
6. Моноволуменски кабински простор од 4,5 m³
7. Оклоп од тврди челични плочи од 6 mm и легури на алуминиум од 10 mm
8. Пластични блатобрани
9. Пушкарник под блиндираното стакло




10. Врата на возачот
11. Носач на каросеријата изработен од крути мостови со попречни зајакнувања
12. Трансмисија ZF 4 HP 220 S
13. Погон турбо-дизел IVECO 8140
14. Погонот, трансмисијата и резервоарот за гориво се заштитени со оклоп STANAG ниво 1.
15. Пневматици Michelin 255/100 R16, со „run flat“ вметнувања
16. Спирални пружини за амортизација
17. Ладилник на моторот
18. Преден фар и трепкач

| ТАКТИЧКО- ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „PVP 4X4“ | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 2+2+1 лица |
| ДОЛЖИНА | 4.180 m |
| ШИРОЧИНА | 1.970 m |
| ВИСОЧИНА | 2.135 m |
| КЛИРЕНС | 272 mm |
| ТЕЖИНА ПРАЗЕН | 3.870 kg |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА | 5.000 kg |
| ПОГОН | Турбо дизел IVECO 8140 2.8litre со моќност од 160 кс |
| БРЗИНА НА ПАТ | 120 km/h (електронски лимитирана на 105 km/h) |
| АВТОНОМИЈА НА ДВИЖЕЊЕ | 800 km |
| НОСИВОСТ | 800 kg-1.130 kg зависно од верзија |
| КАПАЦИТЕТ НА ГОРИВО ВО РЕЗЕРВОАРОТ | 125 литри |
| ПРЕМИНУВАЊЕ НИЗ ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 535 mm (опционо до 1,2 m) |
| ПРЕМИН ПРЕКУ РОВ | 50 cm |
| ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 350 mm |
| НАГОРНИНА | 50% |
| БОЧЕН НАКЛОН | 30% |



# Шведски основен борбен тенк „Stridsvagn“ („Strv103“)

„Stridsvagn“ (борбен автомобил на Шведски), серија 103, е основен борбен тенк (MBT) со големи способности и со тежина од 43 тони. Овој тенк беше мошне оригинално решение за единствените прашања на националната одбрана на Шведска за време на Студената војна

Тенкот „Strv 103“, или „S тенк“е првиот основен борбен тенк без купола. Многу нискиот профил и силуета прави тенкот „Strv 103“ многу тешко да се гледа кога е во движење или речиси е невидлив кога тенкот е поставен во заседа, со вкопан труп. Шведските побарувања беа да се дизајнира тенк кој е погоден за нејзиниот посебен пејсаж – мала земја со земјоделско земјиште на југ и висока шума и тундра која е замрзната во зима и со голема влажност во лето. Тенкот мораше да биде во состојба да одговори на заканите од тенковите на Варшавскиот пакт, но и на НАТО-тенковите. Конзорциумот „Landsverk, Volvo и Bofors“ предложија дизајн на „KRV“ тенк, користејќи 155 мм мазна цевка со осцилирачка купола. На крајот е одбиен бидејќи се сметаше дека е премногу скап, додека владата уште еднаш се свртe кон странските дизајни. Во меѓувреме, Свен Берг (од Шведската администрација за вооружување) го предложи моделот „Alternative-S“, модел базиран на најниската можна силуета







која би била далеку поевтина од „KRV“, па дури и од некои странски дизајни. Овој дизајн ја елиминираше куполата, а проблемите со елевацијата и депресијата на топот пронајдени во возилата без купола беа решени на невообичаен начин. Берг излезе со идеја за целосно автоматизирана суспензија која може да обезбеди вертикално движење на топот со помош на автоматски менувач. Откако беа поднесени плановите, „Bofors“ беше замолен да изгради прототип на суспензијата и погонот, кој потоа беше успешно тестиран.

Во 1958 година пристигна нарачка за производство на два прототипови кои беа завршени во 1961 година. Во меѓувреме армијата нарача претпроизводна серија од 10 тенкови. По неколку модификации, тенкот „Alternativ S“ беше пуштен во употреба како „Stridsvagn 103“. Целокупното сериско производство беше ставено во 1965 година, а првите испораки беа од 1967 до 1971 година, со 290 машини. Дизајнот беше доста радикален, наместо да има стандардна суспензија и некоја ограничена елевација и попречен пресек, како и склоност кон напрегањето на преносот при маневрирањето како кај возила, „S - тенкот“ доби хидропневматска суспензија и целосно автоматски менувач. Топот беше целосно фиксиран во внатрешноста, што му овозможува на возачот практично да биде и нишанџија. Фиксираниот топ, исто така, значеше дека трупот на тенкот може да се направи што е можно понизок. Овој систем не дозволуваше отворање на оган во движење, но на ова не се гледаше како голем недостаток, бидејќи практиката докажала со тенкот „Centurion“ најголемата прецизност се постигнува кога тенкот е стациониран. Топот од практични причини бил „Bofors 105mm L/62“, при што ја испукувал истата муниција како британскиот „105 mm L7“ (50 гранати во складиште) и имаше автоматски полнач (поставен на задниот долен крај), за да овозможи 15 куршуми во минута и да го редуцира бројот на екипажот на само два члена. Потрошените чаури беа исфрлани преку поклопецот од задниот дел.

Дизајнот на шведскиот „S-тенк“ се разликува од претходните германски и советски оклопни возила без купола, со тоа што главниот топ е фиксиран во самата монтажа. Со тоа се елиминира потребата од монтажа на тежок мантлет (непробоен екран) и оклопот кој го опкружува. Исто така, овозможува инсталирање на лесен, сигурен автоматски полнач и елиминација на една позиција од екипажот. Бидејќи „S - тенкот“ мора да застане за да отвори оган, возачот може да послужи и како послужител и како нишанџија. Возачот/нишанџија седи на левата страна, додека командирот на десната. Двајцата имаат комплетен сет на контроли за управување со возењето и со вооружувањето, а командирот во секое време може да ги преземе контролите на возачот/нишанџијата во случај на потреба за итно дејство. Малку поназад, зад возачот, е седиштето на радиооператорот, кој исто има сет за управување со возењето наназад. Конзолите биле со футуристички изглед и биле дизајнирани да бидат ергономски. За гаѓање тенкот може да помине рамномерно и прецизно и покрај препреките на својата патека и да се сврти на сопствената оска. Опсегот на елавација/депресија бил 22°, подобар од повеќето основни борбени тенкови во тоа време. Секундарното вооружување вклучува два фиксирани 7,62 мм KSP 58 митралези и еден 7.62 mm KSP 58 митралез за противвоздушни цели (ПАМ), поставен на куполата на командирот. Во текот на производството е додаден жиростабилизиран модел на купола. На предната страна може да се додаде оклоп во форма на летви за да се совладаат HEAT-проектилите. Овој оклоп долго време се чуваше во тајност. Трупот на тенкот исто така беше радикален,направен од стандардниот RHA-оклоп, а сепак релативно дебел (90 – 100 мм на предниот глацис). Трупот може да се спушти на уште 13 см со приспособување на суспензијата. Покрај тоа имаше свиткана острица под предниот дел од трупот која служи за укопување на тенкот во земја (дејствувајќи како дополнителна заштита). Поставувањето на тенкот во

Проектирањето на тенкот започнува во средината на 1950-тите години, кога стандарден шведски тенк беше „Centurion“ (Stridsvagn 81 до 104), изграден од страна на Британците. Но, веќе имаше заговорници кои се залагаа за негова замена со тенк од домашно производство

позиција на спуштен труп, прикажува многу мала очигледна висина и доста ограничен визуелен профил на непријателските набљудувачи.
Тенкот „Strv 103“ беше целосно амфибиски, со вграден пловечки заслон и можеше да плови после 20-25 минути подготовка. Брзината при пловење е 6 км/час. Промените вклучуваат нов и надграден фронтален оклоп. Оклопот во форма на летви може да се монтира на предната страна за да се совладаат HEAT-проектилите, но неговото монтирање би се приспособило само во случај на војна поради неговата тајност. Последно, на секоја од страните се додадени 9 лимени канистри кои делуваат како додаток на оклоп. Моторот, исто така, беше приспособен на трупот и беше сосема оригинален. Тој беше аранжман на два мотора: „240 hp Rolls-Royce K60“ со рамен дифернцијален клип со бавно крстарење и маневрирање при гаѓањето плус „300 hp Boeing 502 turbine“ за постигнување на големи

„S - тенкот“ има тежок преден оклоп, чиј состав и дебелина останувaат класифицирани. За време на програмата за надоградба во 1984 година, дополнителниот оклоп беше применет на тенкот „Strv 103“, особено во оваа област

брзини при движење и крстарење по тежок терен. Вториот мотор во практика се покажа како недоволен и брзо беше променет со „Caterpillar turbine (490 hp)“. Ова беше, исто така, првата употреба на турбински мотор во производство на тенкови низ целиот свет. Со моторот „Caterpillar“ комбинираната моќност на моторот беше 730 КС. Ова обезбеди соодноc од моќност и тежина од 18,3 КС/тон, максимална брзина на пат од 50 километри на час и автономија на опсег од 390 км (240 милји). Дизел-моторот е поврзан со 2 брзини за напред и 2 за назад. Гас-хидрауличната, хидропневматска суспензија, исто така беше многу иновативна со 4 големи споени гумени тркала. На предниот и на задниот дел имаше погонски запчаник. Поради тесниот простор доделен на носот, трансмисијата беше поставена тука, веднаш пред возачот. Оваа суспензија му овозможува на топот (и на целиот труп) да се притисне доволно во положба на утврдување на спуштен труп, што практично не претставува фронтална површина пред непријателот додека самиот тенк сè уште е способен да ги забележи и да ги уништи спротивните цели.
По испорачувањето на 80 тенкови од



варијантата „Strv-103 B“, операциите покажаа дека раниот производствен модел беше недоволно силен и после сите додадени модификации во споредба на прототипот. За да ги одржи перформансите беше прифатена нова „Caterpillar 553 turbine“, којашто може да испорача 490 hp во споредба со 300 hp на „Boeing“. Првата серија подоцна е наречена „Strv-103A“ а потоа надоградена на „B“ стандардна погонска единица.
После 15 години служба било замислено „Strv-103 C“ да се надогради за да се одржи чекорот со напредокот на вооружувањето на Истокот. Инсталиран е подобрен систем за контрола на огнот, но и дозерско сечило на сите возила (претходно имаше по еден на вод). Во 1987-88 година застарениот „Rolls-Royce diesel“ беше заменет со „290 hp (216 kW) Detroit Diesel“ со дополнителни резервоари за гориво. Можноста за погодок со првиот удар беше многу подобрена со додавање на ласерски далечинометар. Реактивниот или апликативниот оклоп бил проучуван во раните 1990-ти години, но оваа можност никогаш не била извршена, бидејќи било одлучено да се пензионира моделот во корист на „Strv-122- (Леопард 2)“.
„Strv-103 D (prototype)“, последна надградба која беше извршена во средината на 1990-тите години, со нов компјутер за контрола на огнот, термални погледи за командирот и нишанџијата за слаба видливост и борба во ноќни услови и пасивен засилувач на светло за возачот. Суспенизјата и погонот добиваат приспособување и мали измени. Овој единствен прототип дури и е тестиран под далечинско управување.
„S - тенкот“ беше наменет со цел да се справува со советските тенкови, но и да биде погоден за употреба во нејзиниот посебен пејсаж. Целта на „S - тенкот“ беше да се вклопи во доктрината на дефанзивно позиционирање.
Последниот тенк „Strv-103C“ беше пензиониран во 1997 година. Тие беа употребувани за обука. Во денешно време единствениот тенк „ Strv-103D“ и неколку од типот „C“ се прикажани во шведскиот музеј на тенкови „ Arsenalen,“ сите во возна состојба. Тенкот „Strv-103“ никогаш не бил тестиран во борба и никогаш не инспирирал друг сличен концепт, иако многу од неговите иновации може да се најдат на модерни тенкови, како што е турбинскиот мотор во „M1 Abrams“ и во „T-80“. Тенкот „Strv-103“ е единствен, концентрирајќи толку многу иновативни решенија и нови идеи во едно возило.

Идриз Идризоски





# КАКО ЧИЧАКОТ СТАНАЛ „ЧИЧЕК"

Со патиките на закопчување со чичек-лента сте се сретнале во најраното детство. Секако дека на родителите во почетокот им било полесно да ви набават патики кои лесно се закопчуваат, отколку да ве научат да ги врзувате. А, кога конечно научивте сами да си ги врзувате, дојде времето на часовниците и паричниците. Часовниците на закопчување со чичек-лента на сите им се омилени, бидејќи се многу практични. Слично е и со паричниците. Некои потоа продолжиле и понатаму, па во војска ги дочекуваат воените ознаки на униформата.
Секако, повторно со чичек. А, дали сте се запрашале од каде потекнува закопчувањето со помош на чичек-лента и која е приказната што се крие зад ова.
Чичек-лентите се замисла на швајцарскиот инженер Жорж де Местрал, кој во далечната 1941 година, со своето куче заминал на лов. Ни на крај на памет не му било дека токму тој лов ќе биде пресуден за создавање на нов моден тренд. Жорж де Местрал и кучето после неколку часови шетање по шумата и ливадите се нашле во поле со чичак. Заплетени во канџите на овој коров најпрво биле збунети. Де Местрал се обидел да ги исчисти панталоните од бодликавите топчиња кои биле закачени за неговата облека, но импресиониран од силата со која чичакот се закачил на неговите панталони и влакната на кучето, одлучил да го испита начинот на кој чичакот се закачува за својата „жртва". Растението познато како чичак (lat. Arctium lappa) му припаѓа на семејството „Asteraceae", а кај народот е познат и како магарешки трн. По потекло е од Европа и Сибир, а денес е распространето ширум светот. Во лабораторијата под микроскоп, Жорж де Местрал сфатил дека топчето на ова растение има неброено многу кукички со чија помош се закачува за ткаенина или за крзното на животните. Потоа го водела само една мисла, односно се запрашал дали таквата идеја може да биде корисна во комерцијална примена, па затоа сакал со имитирање на природата да создаде вештачки материјал кој ќе се однесува сосема исто.
Првобитната замисла му била од памук да направи кукички и со тоа конечно да ги замени патентите, врвките и копчињата. Воден од таа идеја, Жорж де Местрал отишол во Лион кој во

Растението познато како чичак (lat. Arctium lappa) му припаѓа на семејството „Asteraceae", а кај народот е познат и како магарешки трн. По потекло е од Европа и Сибир, а денес е распространето ширум светот. Во лабораторијата под микроскоп, Жорж де Местрал сфатил дека топчето на ова растение има неброено многу кукички со чија помош се закачува за ткаенина или за крзното на животните

тие години претставувал центар на модата. Неговата идеја, како тоа обично се случува со иновациите, била дочекана со потсмев. Швајцарецот сепак не се предавал. Памукот се кинел, се истенчувал и после неколку закопчувања бил речиси неупотреблив. Следен чекор бил со промена на материјалот да се добие подобар производ. Де Местрал се одлучил за најлон, чија експанзија тогаш била најголема. Имитирајќи ги кукичките од чичакот направил цврсти и постојани реплики. Требало да се осмисли уште подлога на која „чичакот“ требало лесно да се фати. Правењето на јамки во почетокот било особено тешко. Јамките биле правени рачно и сѐ уште не покажувале најдобри резултати. Инженерот дошол на идеја јамките да ги пресече со ножици и така да направи дупли кукички кои полесно би се вкрстувале. Новиот патент бил направен, но сѐ уште не бил признат. Требало да се осмисли машина која сама ќе плете јамки и од нив да прави кукички. Машината слична на разбој била уште еден патент на овој изумител. Својот патент го пријавил десет години после ловот, кога и се родила идејата. Иако изумите биле пријавени во 1951 година тие биле признаени дури во 1955 година. Новиот производ многу брзо се нашол на пазарите на големите европски земји. Швајцарија, Британија, Германија, Шведска, Холандија, Белгија, Италија и Канада биле земји во кои патентот бил заштитен. Жорж де Местрал отворил продавници во овие земји, а во 1957 година сето производство било преселено во Њу Хемшир.
Иако пронајдокот на Де Местрал станал извор на многу потсмев на почетокот од своето претставување, неговата истрајност му овозможила да ја усоврши технологијата за кукички и јамки за комерцијална употреба. По



Де Местрал успешно го репродуцирал природниот чичак, создавајќи две ленти од ткаенина, од кои една била со илјадници мали кукички, а другата била со илјадници мали јамки. Ваквиот систем на закопчување тој го нарекол „Velcro“, што е и денес еден од званичните и препознатливите зборови во светот. Со спојување на зборовите „Velours“ (сомот) и „Crochet“ (кука) го добил името за новиот бренд



речиси една деценија на истражување и работа, Де Местрал успешно го репродуцирал природниот чичак, создавајќи две ленти од ткаенина, од кои една била со илјадници мали кукички, а другата била со илјадници мали јамки. Ваквиот систем на закопчување тој го нарекол „Velcro“, што е и денес еден од званичните и препознатливите зборови во светот. Со спојување на зборовите „Velours“ (сомот) и „Crochet“ (кука) го добил името за новиот бренд. Така, тој го создал она што денес ширум светот е познато како „Велкро“, комбинација на две ленти кои споени заедно се држат цврсто, а сепак овозможуваат и лесно да се раздвојат. Со патентирање на „Велкро“ во 1955 година, тој ѝ овозможил на компанијата конкурентска предност во однос на другите потенцијални имитатори, што било потврдено од страна на неговата компанија, постигнувајќи максимум продажба на повеќе од 60 милиони метри од „Велкро“ годишно за време на неговиот живот. Важно е да се забележи дека „Велкро“ е името на една компанија, а не општ термин за овој систем за спојување. Тоа не е генеричко име на работи што ги прицврстува чевлите, облеката и стотиците други работи. Никој не вели „прицврстувач со куки и јамки“, но тоа е пример на метонимијата, реторичка фигура на говорот во кој името на брендот се користи за да се однесува на цела категорија на производи. „Велкро“ се состои од две ленти: една со кукички и друга со јамки. Кога двете ленти ќе се притиснат заедно, кукичките се фаќаат во јамките и ги држат лентите заедно. Кога лентите се одделуваат, прават звук на раздвојување. Јачината на Велкро врската зависи од тоа колку добро кукичките се вплеткани во јамките и природата на силата што ги раздвојува. Ако Велкро се користи за поврзување на две цврсти површини, врската е особено силна, бидејќи секоја сила што ги извлекува парчињата е подеднакво распространета низ сите куки. Вибрациите можат да предизвикаат подобрување на нивната врска. Кога едно или двете парчиња се флексибилни, на пример кај ќебовите, парчињата можат да се извлечат со дејство на лупење, што ја присилува силата на релативно малку куки одеднаш. Ако флексибилното парче се влече паралелно на рамнината на велкро-површината, силата се шири рамномерно како со цврсти парчиња.
„Велкро“ има и неколку недостатоци: има тенденција да се собираат влакна, прашина и нечистотии во кукичките само по неколку месеци редовна употреба, а јамките можат да се издолжат или да се скршат.
Најголем процут „Велкро“ го доживеал кога НАСА почнала да го користи



Најголем процут „Велкро“ го доживеал кога НАСА почнала да го користи за свои потреби. На облеката на астронаутите чичек-лентата веќе со години е неизоставен дел. Два метра квадратни од чичек-лентата можат да задржат тежина до осумдесет килограми. Во безтежинска состојба астронаутите можат да се прицврстат и да се задржат на место

за свои потреби. На облеката на астронаутите чичек-лентата веќе со години е неизоставен дел. Два метра квадратни од чичек-лентата можат да задржат тежина до осумдесет килограми. Во бестежинска состојба астронаутите можат да се прицврстат и да се задржат на место. По стекнувањето на огромната популарност, кога во почетокот на 1960-тите години астронаутите на „Аполо“ го користеле за да ги обезбедат пенкалата, пакетите за храна и другата опрема за која не сакале да лебди, набргу и болниците го ставаат „Велкро“ на сè, од мерачи на крвен притисок до наметките на пациентите. Се појавува во автомобилите, во домаќинствата, дури и во авионите. Првично достапен само во црна боја, естетската привлечност се проширила кога компанијата почнала да го нуди во повеќе бои.
Во 1959 година, модна ревија во хотелот „Валдорф-Асторија“ во Њујорк покажала сè, од велкро-пелени до стилски велкро-јакни, а „Њујорк тајмс“ прогласил крај на копчињата, патентите, дури и на сигурносните игли. Но, дури и со бои работите биле премногу грди, и долго време се користеле само во индустријата за спортска опрема. Почнувајќи од 1968 година и во 1980-тите, компаниите за чевли, како што се „Пума“, „Адидас“ и „Рибок“, го интегрирале „Велкро“ на детските чевли. Во 1968 година, Пума станала првата голема компанија за чевли која понудила врзување со помош на велкро-прицврстувачите. Другите компании се придружиле, и до 1980-тите години секое дете во Америка поседувало барем еден пар патики со чудото на „Велкро“. Дотогаш, оригиналниот патент на „Велкро“ компанијата истекува, а компаниите во Европа, во Мексико и во Азија почнале да прават евтини верзии. Можеби ова е причината зошто „Велкро“ се бори толку силно за своето име: денес, секој може да направи производ со чичек-ленти, но само една компанија го прави „Велкро“. Може да се претпостави дека употребата за таков вообичаен производ ќе биде исцрпена досега.
Но, чичек-лентите се покажаа толку разновидни, што на секои неколку години некој ги користи за да измисли нешто ново. Денес чичек-лентата ја користат астронаутите, војниците, нуркачите, скијачите, спортистите.
Пронајдокот на Де Местрал е од голема помош и за инвалидите, но и за децата кои не научиле да ги врзуваат врвките, па затоа често се става на детските обувки.
На армискиот пазар „Велкро“ влегол на почетокот на 21 век преку борбената униформа, но се покажало дека војниците и не го сакаат баш многу.
Тие постојано се жалат дека нивните ленти со имиња паѓаат, дека лентите со јамките се валкаат и не се зацврстуваат добро, а гласниот звук предизвикан од отворањето на џебовите доведува до проблеми со тајноста при извршување на операциите. По исцрпните анкети, неколку прототипи и многу воени „know-how“, повеќето армии конечно излегоа со едноставно решение за проблемот со „Велкро“: максимално намалување на неговата употреба и враќање на копчињата и прицврстување на воените ознаки со шиење.
Иако важноста на Де Местраловото откритие е неизмерно, тој, сепак, останал заборавен. Заштитата на патентот истекла во 1978 година, па на пазарот се појавиле многу нови копии на оригиналната лента. Жорж де Местрал починал во 1990 година на возраст од 82 години. Тој бил примен во Холот на славните изумители во 1999 година.

Александар Стојчевски

# Кинески терминатор „QN-506“

Во ноември 2018 година на воздухопловниот саем „Zhuhai Air Show“, одржан во Кина, за првпат беше претставен ‚кинескиот терминатор „QN-506“, кој е тешко гасенично борбено возило наменето за борбено дејство врз летала со мала брзина, тенкови, оклопни возила и пешадија. Возилото се базира на веќе докажаната шасија од тенкот „Type 59“ (копија на Т-54), на која е поставен универзалниот безпосаден борбен модул „ZPT99“. Возилото поседува тричлен екипаж, командир, возач и нишанџија. За ефикасно изведување на борбените операции на современото боиште „QN-506“ е опремен со компјутеризиран систем за контрола на огнот, ласерски далечиномер, дневно/ноќни камери, термална камера, панорамски електронски сензорски систем, детектор за истрел (по правец), метеосензор, а за потребите на екипажот се вградени електронски борбени модули со дисплеи на допир. Универзалниот



борбен модул „ZPT99“ е опремен со повеќе типови на оружја, и тоа: автоматскиот топ „2A72“, со калибар од 30 mm, (со борбен комплет од 200 гранати), лево од него е вграден коаксијален митралез со калибар 7,62 mm (со борбен комплет од 2000 куршуми), со два одвоени модули лансери на ракети, секој опремен со по 2 ракети „QN-502C“, наменети за противтенковска борба и противлетала со мала брзина (дејство 6 km) и по 10 ракети „QN-201“, со калибар од 70 mm (дострел 4 km), наменети за дејство по лесно оклопни и неоклопни возила. На задниот дел од куполата се вградени лансерите за 4 мали крстосувачки ракети „S-570“, кои поседуваат дострел од 10 km. На предниот дел од куполата се вградени и 6 лансери на гранати за блиска одбрана од пешадиски единици. Инаку, куполата може да ротира 360 °, а по елевација топот се движи до максимум +53°. За извидување и набљудување на теренот, возилото носи и еден дрон „quadcopter“, со радиус на движење до 10 km, брзина на летање од 59.5 km/h и време на летање од 40 минути.

Ивица Дамески




# Авион „YAKOVLEV - YAK 130“

Авионот „Јаковлев Јак-130“ е производ на руската компанија „Yakovlev Design Bureau“ со седиште во Москва, позната по дизајн и врвен производител на авиони. Бирото е формирано во 1934 година под раководство на дизајнерот Александар Сергеевич Јаковлев како ОКБ -115. Компанијата доживува посебен успех за време на Втората светска војна кога Јаковлев дизајнирал и произвел позната линија борбени авиони

Во текот на 2004 година се случиле поголеми структурни промени во компанијата. Имено, компанијата била купена од друга позната компанија, „Irkut“, а две години подоцна, руската влада ја основала холдинг-компанијата со следните големи и познати производители: „Mikoyan“, „Ilyushin“, „Irkut“, „Sukhoi“ и „Tupolev“, како нова компанија наречена „United Aircraft Building Corporation“.

„Јаковлев Јак-130“ (НАТО-известувачко име: „Mitten“) е дозвучен, двосед-напреден авион за обука, а воедно и лесен борбен авион. Во раните 1990-ти години, советската влада побарала од индустријата да развие нов авион кој ќе ги замени чешките авиони за обука „Aero L-29 Delfín“ и „Aero L-39 Albatros“. Пет дизајнерски бироа доставиле предлози, за да на крај останат само „МиГ“ и „Јак“. Првичната процена била набавка на околу 1000 авиони од овој тип.

Развојот на авионот започнал во 1991 година, дизајнот бил завршен во септември 1993 година, а првиот лет бил изведен на 25 април 1996 година. Сепак, со распадот на Советскиот Сојуз, Јаковлев бил принуден да бара странски партнер. Компанијата се договорила со италијанската компанија „Aermacchi“ за заеднички понатамошен развој на авионот познат како „Јак / АЕМ-130“„. Италијанската „Aermacchi“ била одговорна за финансиска и техничка поддршка на проектот, а првиот прототип бил изграден во Русија.

Во 2000 година, разликите во приоритетите помеѓу двете компании довеле до прекин на партнерството, при што секоја продолжила независно со развој на воздухопловот. Италијанската верзија била наречена „Alenia Aermacchi M-346 Master“. Компанијата „Yakovlev“ добила 77 милиони американски долари за технички документи на авионот и таа ќе можела да го продава авионот на земји како оние во Комонвелтот на независни држави, Индија, Словачка, Алжир и други. Компанијата „Aermacchi“ била во можност да ги продава авионите и во земјите на НАТО помеѓу другите држави.

Во текот на 2002 година, авионот „Јаковлев Јак-130“ победил на тендер како напреден авион за обука во Русија. Пред тоа, главниот командант, Владимир Михајлов, изјавил дека „Јак-130“ и „МиГ-АТ“ биле избрани за нови воздухоплови за обука на руските воздухопловни сили. Меѓутоа, поради супериорноста на „Јак-130“, бидејќи можел да служи во двојна улога (за обука и како лесен борбен авион), на 10 април 2002 година било објавено дека „Јак-130“ е избран за победник на тендерот за тренинг-авион во основна и напредна обука за пилоти, притоа победувајќи го „МиГ-АТ“. Вкупните трошоци за истражување и развој, вклучувајќи изградба и тестирање на четирите предпроизводни авиони, изнесувале околу 200 милиони долари, од кои 84% биле финансирани од компанијата „Јаковлев“, а остатокот од руската влада. Сепак, вкупните финални трошоци за развој надминале 500 милиони долари од 1996 година па наваму.

Во текот на 2010 година авионот официјално влегол во служба на Руските воздухопловни сили. Како напреден





авион за обука, „Јак-130“ можел да ги реплицира карактеристиките на неколку борбени авиони од 4+ генерацијата, како и од петтата генерација, како на пример „Сухој Су-57“. Исто така, можел да извршува лесни напади, носејќи борбено оптоварување од околу 3000 килограми, како и извршува извидувачки задачи. Русија во моментов има околу 95 авиони во служба, а авионот се извезува од 2011 година. Белорусија има осум, а ваков тип поседуваат и Алжир, Бангладеш, Мјанмар, како и Сирија со порачаните 26 авиони „Јак-130“, но статусот на овие авиони сè уште е нејасен поради војната во оваа држава. Сепак, руската верзија на „Јак-130“ не направила ништо посебно на меѓународниот пазар, за разлика од некогашниот италијански партнер „Aermacchi M-346“, кој освен тоа што бил усвоен од Италија, истиот се пробил и на пазарите во Израел, во Сингапур, во Полска и во Туркменистан, а доколку се добие договорот за американската програма „Т-Х“ (програма за избор на авион за обука), со одобрување на воздухопловните сили на САД, авионот би можел да се продава низ целиот свет.
„Јак-130“ е напреден авион за обука на пилоти, способен да ги реплицира карактеристиките на борбените авиони од 4. и 5. генерација во Русија и пошироко. Ова е овозможено преку употреба на дигитална авионика со целосна дигитална кабина. Овој воздухоплов е првиот руски авион со целосен дигитален авионски пакет, а авиониката го исполнува Mil Standard 1553 кој може да се приспособи на потребите на купувачот. Поседува четириканален дигитален автоматски систем за контрола на летањето (Fly-by-Wire), користен и во авионите: „MiG-29“, „Su-27“, „Su-30“, „F-15“, „F-16“, „F-18“, „Mirage 2000“, „Rafale“, „Typhoon“ и „F-35“, активен систем за безбедност на летањето, со контролирани и променливи функции за управување со вградена симулација. Поседува дисплеј за следење на параметрите од работата на инструментите и системите (Head-up display како и Helmet-Mounted-Sighting-System). Во авионот е вграден двоен GPS / GLONASS приемник кој го ажурира инертниот референтен систем (Inertial Reference System) за високо прецизна навигација и прецизно насочување. Производителот проценува дека авионот може да покрие до 80% од целата програма за обука за пилотите.
Во прилог на обуката, авионот е оспособен за исполнување лесни напади и извидувачки мисии. Може да носи борбено оптоварување од 3000 килограми, кое се состои од разно наведувано и неводено вооружување, како и помошни резервоари за гориво заради поголем тактички радиус. За време на фазата на тестирање што завршила во декември 2009 година, авионот бил тестиран со целото оружје, што е во служба на руските воздухопловни сили со тежина до 500 килограми. Поседува и опрема за противелектронска борба (Chaff and Flare Dispenser, Radar Warning Receiver и Active Jammers).
Максималниот внатрешен капацитет за горивото е 1700 килограми. Со два дополнителни надворешни резервоари за гориво, капацитетот се зголемува до 2600 килограми. Максималната вистинска брзина е 0,93 Max, односно 1050 км/час со можност за оптоварување од -3 до +9 g, а плафонот на летање изнесува 12 500 метри. Истовремено е способен за извршување на маневри на лет, специфични за тековните оперативни и развојни борбени авиони, вклучувајќи ги: „Su-30“, „MiG-29“, „Mirage“, „F-15“, „F- 16“, „Eurofighter, F-22“, како и „F-35“. Максималната полетна тежина му изнесува 10.300 килограми. Воздухопловот е опремен со систем за заштита на моторите, со цел да ги спречи оштетувањата кои би се појавиле при употреба на неактивни и тревни писти. Заштитата од Kevlar-оклоп е монтирана на моторите, на кокпитот и на авионскиот оддел. Конструкцијата е дизајнирана за 30-годишен работен век со времетраење од 10.000 часа или 20.000 слетувања.

Драган Павловски



# Огнот како терористичка алатка



Употребата на огнот од страна на криминални банди и терористички ортанизации не е нова појава. Во март 1990 година, во ноќен клуб во Бронкс, САД, во пожар предизвикан од еден криминалец беа убиени 87 луѓе. Во ноември 2008 година, терористичката организација „Лашкар и Таиба“ изврши серија од 12 координирани напади во Мумбаи, Индија. Тие користеле мешавина направена од експлозив и муниција, предизвикувајќи голем пожар. Изучувањето на огнот како оружје, импликациите и превенцијата од него се од суштинско значење за интегралната безбедност, бидејќи бара нови приоди и политики за решавање на оваа закана. Огнот е потенцијално оружје за терористите од неколку причини. Тој не бара посебна обука, а огнот и чадот можат да навлезат длабоко во заштитениот периметар и притоа да нанесат огромни загуби. Огнот ја отежнува тактичката превенција или првиот одговор. Во случаи на терористички напади со големи пожари, зголемена е медиумската покриеност и

Терористичките напади од 11 септември 2001 г. врз Светскиот трговски центар и врз Пентагон во САД, во историјата останаа запаметени како први кои користат авиони како оружје за масовно уништување, а како резултат на пожарите беа масовните жртви и рушењето на кулите близначки. Овие напади се запаметени по многу нешта, но не по огнот, иако тој е причината која ги искомплицирала спасувачките операции и драстично ја зголемила смртноста на терористичките напади







вниманието во светот.
Убиствените напади во Мумбаи, 2008 година, кои траеја три дена, го држеа градот со 14 милиони жители во заложништво, додека во исто време на повеќе локации во градот беа убиени 166 лица, а 308 биле ранети. Ова беше пресврт во терористичката тактика за изведување напади. Природата на нападот ги парализираше единиците за брза интервенција, спасувачките операции, пожарникарите и здравствената помош која им беше потребна на масовните жртви. Терористите користеле повеќе средства за напад, вклучувајќи: импровизирани експлозивни направи (ИЕН), атентати, земање заложници, заземање на згради, снајперско делување, киднапирање и подметнување пожар. И покрај сето насилство, незаборавни се моментите од пожарот на хотелот „Таџ Махал“ и луѓето што висат од прозорци за да избегаат од пожарот, нешто што потсетува на нападите од 11 септември. Терористите сфатиле дека огнот ќе го привлече вниманието на телевизиските камери надвор од хотелот и ќе создаде слика која ќе ја гледа светот. Во овој случај, огнот се користел како стратешко оружје.
На 11 септември 2012 година, во Бенгази, Либија, беше убиен американски амбасадор. Огненото оружје, ИЕН и експлозивите не го убија амбасадорот. За тоа беше виновен чадот од пожарот. Во овој терористички напад загинаа 4 Американци и 4 терористи од групата „Ал Каеда“ од исламскиот Магреб. Терористите користеле бензин во канистри со кој ја запалиле амбасадата, а светот преку медиумите беше сведок на уште една стравотна слика на зграда во пламен за време на извршување на терористички напад. По овој инцидент, слични напади на подметнување пожари се случија против Мултинационалните сили на ОН на Синајскиот Полуостров, како и во американската амбасада во Тунис.

> Феноменот на примена на огнот како оружје е забележан во израелско-палестинскиот конфликт. Терористичката организација „Хамас“, со хелиумски балони на коишто имало закачено запаливи материи и ИЕН, длабоко во израелска територија, предизвика 25 пожари кои уништија илјадници хектари земјоделски култури, обработливи површини и шуми

За да се разбере заканата значајни се и нереализираните терористички напади бидејќи откриваат многу за намерите, мотивациите, селектираните цели и тактиката. Како пример ќе посочиме неколку нереализирани напади кои се спречени од безбедносно-разузнавачките служби:
Оперативец на „Ал Каеда“, Дирен Баро (во 2006 година осуден на доживотен затвор), од Британија допатувал во САД и извршил извидување за терористички напади во Њујорк и во Вашингтон. Тој ги истражувал слабостите на објектите, вклучувајќи ги и недостатоците во противпожарната заштита. Тој констатирал дека може да предизвика значителна штета врз Пруденшал центарот во Њу Џерси и врз зградата „Сити корп“ во Њујорк, доколку довезе камион-цистерна со гас и потоа го запали горивото и предизвика пожар.
Уште еден оперативец на „Ал Каеда“, Жозе Падила (осуден на 17 години затвор во 2008 година), роден во Бруклин, во своите подготовки за напад констатирал дека нападот со „валкана бомба“ е тежок за реализација, па затоа планирал да предизвика пожари на високи згради со оштетување на доводот за гас. Ќелија на „Ал Каеда“ во Обединетото Кралство се обидела да ги оневозможи системите за заштита од пожари за да го зголеми ефектот на терористички напад, кој на крајот бил спречен од страна на безбедносните служби.
Ова се само дел од неуспешните обиди на терористичките организации кои покажале интерес за употребата на огнот како оружје. Популарното списание „Inspire“ на „Ал Каеда“ на Арапскиот Полуостров (АКАП), постојано ги повикува своите следбеници ширум светот да спроведуваат ниски технолошки напади со високи штети против САД и нејзините западни сојузници. Во списанието се претставени методи за спроведување на напади, вклучувајќи и користење на едноставни „огнени бомби“. Како модел се објавени и слики од нападите од Мумбаи, а ова ни става до знаење дека терористичките групи немаат потреба од посебна обука за спроведување крвави терористички напади. Во април 2013 година, при извршениот терористички напад на Бостонскиот маратон загинаа

3 лица, а беа повредени 275 лица. Нападите во Бостон служат како важен потсетник дека нападите не треба да бидат софистицирани за да бидат смртоносни. Истражувањата за терористичките нападите во САД во текот на изминатата деценија откриваат еден тренд во тактиката на терористите, а тоа е едноставноста при планирањето на нападите. Огнот како оружје, сам по себе или во комбинација со други терористички тактики, претставува значаен предизвик со кој треба да се соочат безбедносните служби, а посебно во делот на планирањето, подготовката и извежбувањето.
Феноменот на примена на огнот како оружје е забележан во израелско-палестинскиот конфликт. Терористичката организација „Хамас“, со хелиумски балони на коишто имало закачено запаливи материи и ИЕН, длабоко во израелска територија, предизвика 25 пожари кои уништија илјадници хектари земјоделски култури, обработливи површини и шуми. „Хамас“ и другите терористички организации се потполно свесни за економската и за психолошката штета предизвикана од терористичките напади. Тие сметаат дека балоните со хелиум и летечките играчки-змејови се евтина, достапна и ефикасна алатка која не ги загрозува жителите на Газа, а за која Израел нема соодветна превентива. Израелските безбедносни сили се обидуваат да ги пресретнат и да ги спречат, но без ефикасни резултати.
Медиумите под контрола на „Хамас“ ја промовираат оваа кампања на напади со балони и летала. Кампањата е насочена кон палестинската и израелската јавност, со промоција на пораката за „право на одмазда“ и „Ерусалим е главен град на Палестина“.
Како дел од кампањата, во јуни 2018 година, единицата на „Хамас“ одговорна за нападите одржа прес-конференција на која се закани дека ќе бидат лансирани 5000 летала и балони. Целта им беше „ултиматум“ и предупредување до Израел за прекинување на опсадата на појасот Газа. Терористичката организација „Хамас“ внимава да не биде директно поврзана со терористичките напади, со цел да го спречи Израел да се одмазди и да ги претстави нападите на подметнување пожар како дел од „популарниот отпор во Газа”. Меѓутоа, досегашните извршени напади предизвикаа сериозна материјална штета и го нарушија секојдневиот живот на Израелците кои живеат во близина на појасот Газа. Околу 6100 акри полиња и шуми се уништени во предизвиканите пожари од терористичките напади. Во период од 75 дена, во просек биле извршувани од 11

> Современите разузнавачки служби веќе неколку години наназад во своите анализи пројавуваат интерес и превентивно се фокусираат кон детектирање на предностите од употребата на огнот во терористичките тактитки, нивниот потенцијал за предизвикување масовни жртви и економска штета

до 21 напади дневно, а пожарникарите имале 412 интервенции. До јуни 2018 година трошоците за превенција од нападите достигнале речиси 1 милион долари, а штетата по имотот е околу 2 милиони долари.
Израел се обидува да развие технологии за неутрализирање на терористичките напади, првенствено со користење на беспилотни летала, кои ќе ги пресретнуваат и ќе ги задржуваат нападите да стигнат до израелска територија. Сепак, во однос на причинетата материјална штета, беспилотните летала се покажале неефикасни. Кога терористичките напади добија на интензитет, израелските воздухопловни сили извршија преупредувачки напади во реоните од каде што се лансираа огнените летала.
Како корисници на разузнавачките информации и прва линија на одбраната кога се случуваат терористички напади, одговорните безбедносни служби имаат потреба од релевантни информации со цел најефикасно извршување на нивните должности. Разбирањето на заканата побарува иницијативи за обука, креирање на безбедносни протоколи, оперативни процедури и управување со ризиците. Разузначките служби треба да се приспособат за испорака на разузнавачки информации во согласност со најновите закани, трендови, настани и иновации кои што ги применуваат терористичките организации, вклучувајќи ја и употребата на огнот како терористичко оружје.
Современите разузнавачки служби веќе неколку години наназад во своите анализи пројавуваат интерес и превентивно се фокусираат кон детектирање на предностите од употребата на огнот во терористичките тактитки, нивниот потенцијал за предизвикување масовни жртви и економска штета.
Во време на ограничени ресурси, од клучно значење е меѓуагенциската и меѓународната соработка и експертиза за спротивставување на еден динамичен и еластичен непријател.
Секако, пред сè, треба да се признае дека терористичките организации имаат интерес од употребата на огнот како оружје и како резултат на тоа треба да произлезат сериозни одлуки од сите оние кои се одговорни за безбедноста, а посебно силите за прв одговор. Терористичките организации се во постојана потрага по едноставни, но ефективни стратегии за создавање терор.

д-р Ненад Танески





# Дали сме доволно продуктивни?

Тренерите, односно обучувачите за менаџирање со времето, се свесни дека на прашањето – дали сум доволно продуктивен – може да се одговори на различни начини и со помош на различни методи. На нив им е познат и фактот дека поединците се дел од еден спектар на продуктивност.  Сепак, да се обидеме за овој текст да ја стесниме дефиницијата за „доволно продуктивни” во форма, дали ги исполнуваме барањата/потребите на нашата работа кога работиме на нашиот личен и одличен  перформанс. Затоа, за да го опишеме овој процес на размислување, да одиме чекор по чекор и да одговориме на една серија на прашања. Откако ќе ги одговориме, веројатно ќе добиеме појасна претстава во однос на тоа дали можеме да го завршиме работниот ден, знаејќи дека сме доволно продуктивни или, пак, дали има простор за подобрување.

**Прашање број 1: Дали ги исполнувам очекувањата?**
Доколку „доволно“ се дефинира „онолку колку што е потребно“, тогаш првичното суштинско прашање е дали ги исполнуваме очекувањата, односно обврските од нашата работа. За луѓе кои имаат добро дефиниран

> Максималната продуктивност на едно лице за одредена улога во одредено опкружување би можела да изгледа многу различно од она на друго лице. Овие варијации произлегуваат од комбинациите на внатрешна способност, ниво на искуство, севкупен капацитет и желба

опсег на работа, одговорот на ова прашање може да биде лесен: Дали ги исполнивте очекувањат од проектот? Дали на вашите клиенти им одговоривте во определениот временски рок? Дали ги достигнавте продажните цели? Ако, пак, имате помалку јасен дефиниран делокруг на работа, ова прашање може да биде и малку потешко да се одговори. Но, одговорот треба да биде очигледен ако нашиот претпоставен  забележал дека





има области кои треба да се подобрат. Ако, пак, одговорот е „да“, во однос на нашите клучни работни обврски, тогаш ние сме доволно продуктивни. Сепак, би можеле да направиме и нешто повеќе, но и не мора ако ги исполнуваме очекувањата. Затоа, ако одговорот на ова прашање е „не“, да продолжиме да размислуваме за прашањето број два.

### Прашање број 2: Дали овие очекувања се мои, а не поставени од други?

Да се има високи очекувања од самите нас може да биде позитивен квалитет. Но, ако се чувствуваме дека сме под голем стрес или, пак, работиме подолги работни часови отколку што сакаме за да ги исполниме очекувањата кои не му значат ништо на некој друг, тогаш нашиот позитивен квалитет може да се претвори во негативен. Во вакви ситуации, треба сериозно да се запрашаме: Дали овие очекувања се мои, а не се потребни, или потенцијално дури и забележани од други? Ако одговорот е да, најверојатно е дека сме доволно продуктивни. Затоа, наместо да размислуваме за она што не го правиме, време е да ги намалиме нашите очекувања од нас самите на едно ниво кое се менаџира, а е усогласено со сите други. Ако одговорот е не, и ако другите луѓе навистина се грижат за овие очекувања, да продолжиме да размислуваме за следното прашање.

### Прашање број 3: Дали јас сам го менаџирам моето време и ги користам ресурсите за продуктивност?

Откако ќе си разјасниме дека не ги исполнуваме очекувањата кои навистина се важни за исполнување на нашите работни задачи, треба да процениме дали сме сопственици на нашето време и дали ги користиме средствата за продуктивност за правилно да го менаџираме нашето работно време.
Но, да дискутираме малку посуштински за двата дела на ова прашање.
Првиот дел е дали јас сам го менаџирам моето време. Од перспектива на тренер за управување со времето, ова значи дали сме проактивни во однос на тоа како го одвојуваме нашето време и напор. Тоа значи и да ги разјасниме нашите приоритети, планирање на вашето време, поставување на граници и фокусирање на задачите кога работиме. (Забелешка: Ако опсесивно ги проверуваме е-поштата, социјалните медиуми или нашиот телефон и немаме фокусирано работно време, веројатно не ги исполнуваме очекувањата во оваа област.) Ова е стратешки дел од нашата врска со времето.
Вториот дел е дали ги користиме ресурсите за продуктивност.
Од перспектива на тренер за менаџирање на време тоа подразбира искористување на достапните алатки за да ни помогнат да постигнеме ефикасност. Тоа би можело да вклучува и писмена листа на задачи, наместо да се обидуваме сè да запомниме и да „држиме во нашата глава“, употреба на алатки како SaneBox или други системи за филтрирање на е-пошта, повеќе делегирање на задачи или да научиме како поефикасно да ги користиме веќе



постоечките алатки. Ова е тактички дел од нашето менаџирање на времето.
Ако одговориме со „да“ на двата дела од горенаведеното прашање, тогаш може да се каже дека во рамките на нашите вештини, веројатно и сме доволно продуктивни – правиме сè што можеме во дадените услови. Ако одговориме со „не“, тогаш најверојатно не сме доволно продуктивни, што значи дека не го даваме најдоброто од нас во рамките на ситуациите.

### Како да бидеме доволно продуктивни

Ако сме стигнале до крајот на сите прашања што се наведени во текстов, треба да си признаеме дека веројатно не сме доволно продуктивни. Тогаш, навистина е време да ги вреднуваме резултатите и да ги одредиме нашите следни чекори.
Еден од потенцијалните следни чекори вклучува преговарање во однос на очекувањата. Ако сметаме дека сами си го менаџираме времето и ги користиме нашите ресурси за продуктивност (значи дека во лична смисла сме доволно продуктивни). Но, ако сепак сме загрижени дека не ги исполнуваме очекувањата, тогаш треба да разговараме со нашиот претпоставен раководител/менаџер. Треба да ги претставиме нашите различни проекти и рокови, како и процените во однос на работата и времето. Потоа, да провереме дали можеме да ги приспособиме нашите обврски. Ако нашиот претпоставен раководител/менаџер сака едноставен систем за севкупно планирање на ресурсите, тогаш алатките како float.com можат да ни бидат од голема помош.
Друг можен следен чекор вклучува усовршување на нашите вештини за управување со времето. Ако не планираме, приоретизираме и не се фокусираме во одредени периоди во текот на денот, а нашата работа бара проактивна работа, тогаш 98,2% не сме продуктивни. Наша обврска е да ја добиеме помошта што ни е потребна за да ги подобриме овие вештини.
Истото се однесува и на продуктивноста. Ако не користиме никакви алатки , дури ниту хартиени кои можат да ни помогнат да бидеме добро организирани, веројатно или ни недостига време или едноставно го губиме истото. Секогаш е подобро да се потрудиме и да се подобриме во овие области пред да побараме промени за да ги исполниме очекувањата.





Затоа, ако размислуваме дали сме доволно продуктивни, еден од начините да одговориме на тоа прашање е да размислуваме од гледна точка за управување со времето. Би било убаво одговорите што ќе ги дадеме да нè ослободат и да „дишеме“ малку полесно, или, пак, да нè мотивираат да го направиме она што можеме за да ја подобриме нашата ситуација.

м-р Билјана Поповска
*(адаптирано од Elizabeth Grace Saunders https://hbr.org/2018/07/are-you-productive-enough?utm_medium=social&utm_campaign=hbr&utm_source=facebook&fbclid=IwAR2lqsrATualYXghWpSY4Jw6kgtyzBqhgc481t27WJ8GOvAFJgijb1Q_ZpM)*





# Историја на конфликтите во Пакистан

Пакистан станува независна држава во 1947 година, кога како британска колонија била поделена на главно муслиманска држава, односно Пакистан и една хинду област која претставува дел од денешна Индија. Овие поделби предизвикаа конфликти и војни помеѓу Индија и Пакистан, а како главна причина беше поделбата на територии во областите Џаму и Кашмир

Политичкото уредување на Пакистан се движи од демократски до автократски режим. Првиот устав од 1958 г.и вториот од 1977 г.бил донесен со претходен воен удар. Еден од клучните личности кој ја опструирал државната власт бил Зија-ул Хак. По неговата смрт во 1988 г.се враќа повеќепартискиот систем во Пакистан кој доживува ренесанса. Притоа политичката моќ наизменично се менува помеѓу Наваз Шариф и Беназир Буто. Третиот воен удар се случува во 1999 година, а со него на власт доаѓа генералот Первез Мушараф. Во 1948 избива конфликтот со Индија поради областа Кашмир. Оттогаш, па сè до 2003 година, повремено се случуваат воени конфликти, главно на граничните области помеѓу Индија и Пакистан. Пакистан се соочува и со внатрешни вооружени конфликти, од





кој првиот се одвива помеѓу владата на Пакистан и ослободителното движење „Мукти Бахини“. Пред добивањето на независноста, делови од територијата на Индија, како Бенгал или денешен Бангладеш во кој главно живеело население од муслиманска вероисповед, било вградено во регионот на источен Пакистан, кој побарал поголема автономија, при што дошло до внатрешен вооружен конфликт во 1971 година. Конфликтот завршува со отцепување на Источен Пакистан и формирање на нова независна држава Бангладеш. Пакистан се соочува и со вооружен конфликт со сепаратистичките движења во провинцијата Балучистан, во близина на границата со Иран. Конфликтот во Балучистан е активен во периодот 1974-1977 г.и потоа повторно продолжува во 2004 година.

Во 1990 г.се појавува внатрешен државен конфликт помеѓу владата и движењето „Мохаџир Кауми“. По неколку децении движењето „Мохаџир“ побарало да се признае ова движење како етничка заедница и поголема автономија. Конфликтот се случил во 1990 и 1995 г. Во 2007 г.владата на Пакистан е во сериозни проблеми од вооружени групи и движења како „Мохаџир“, кои бараат реформирање на пакистанската држава и воспоставување на исламски калифат во областите каде што живеат. Во 1991 г. Пакистан му даде поддршка на Кувајт во конфликтот Ирак. Пакистан им даде поддршка и на САД во „глобалната војна против тероризмот“ во текот на 2001 г. против „Ал Каеда“ и на авганистанската влада против режимот на Талибанците во 2004 година. Заложбите на поранешниот премиер Наваз Шариф за постигнување на мировен договор со Талибанското ослободително движење (TTP) во Пакистан, исламистичка воена формација која е составена од повеќе милитантни групи во пограничниот предел помеѓу Авганистан и Пакистан. Кон крајот на 2007 г. овие милитантни групи ги обединува лидерот Баитулах Мехсуд и го формира TTP. Мировниот договор не успева откако TTP го нападнала меѓународниот аеродром во Карачи во јуни 2014 година. Владата на Шариф врши офанзивни борбени дејства во Карачи и северен Вазиристан. ТТП одговори на офанзивните борбени дејства. Пакистанските политички партии се согласија на изработка на сеопфатен Национален акционен план за борба против тероризмот, а Шариф го укина мораториумот за смртната казна.

Откако ја презеде функцијата во август 2018 година, новоизбраниот пакистански премиер Имран Кан, сигнализираше подготвеност да оствари разговори со индискиот премиер Нарендра Моди, за да ги подобри односите и да ги реши недоразбирањата, меѓу кои и со Кашмир

Во 2016 година, пакистанската војска објави дека федерално-администрираните племенски области (ФАТА), биле ослободени од милитанти. Речиси петстотини пакистански војници загинаа во операциите за расчистување, а загинаа и над 3.500 милитанти. ТТП и другите милитанти групи продолжуваат да спроведуваат големи напади кои вклучуваат самоубиствено бомбардирање. Во март 2016 г. во самоубиствен бомбашки напад во паркот на Лахоре загинаа седумдесет лица, а беа повредени над триста лица. Во август 2016 г. се случува самоубиствен бомбашки напад во болницата во Квета, при што загинаа над седумдесет и пет лица. Војската, која историски е доминантна над цивилните влади, сè уште обезбедува поддршка за мрежата на Хакани Лашкар-е-Таиба и други милитантни прокси-групи кои соработуваат со ТТП. Во 2017 г. ‚дојде до промена во безбедносните односи меѓу САД и Пакистан, при што САД ја суспендираше финансиската и безбедносната помош за Пакистан поради неговата неподготвеност да ги елиминира милитантните. Над 800 милиони долари финансиска помош од САД беше сопрена или пренасочена за 2018 година, а воедно САД го





прекинаа учеството на пакистанските воени офицери во американските воени програми за образование и обука, со цел да извршат притисок врз пакистанската влада да ја смени политиката. Оперативната група за финансиска акција го става Пакистан на таканаречената „сива листа“ на земји кои не прават доволно за да го спречат финансирањето на криминалот и тероризмот. Голем дел од борците на ИСИС во Авганистан се поранешни милитанти на ТТП, кои од Пакистан заминале во Авганистан. Пакистан продолжува да се соочува со закани по националната безбедност од ТТП и други милитантни групи, вклучувајќи ги афилираните групи од ИСИС. Иако нападите од ТТП и останатите милитантни групи се намалени, тие продолжуваат да претставуваат сериозна закана за безбедносните сили и цивилните цели. Во јуни 2018 година, лидерот на ТТП, Мулах Фазулах, беше убиен во дроновски напади во Авганистан и Муфти Нор Вали Мехсуд беше назначен за нов лидер. Во овој период Кан станува премиер.

Во текот на јуни 2018 г. се случуваат терористички напади во Мастунг во коишто загинаа над 140 лица. Предлогот за повлекување на американските сили од Авганистан ќе ја зголеми регионалната нестабилност, дозволувајќи им на милитантите од Пакистан да воспостават своја контрола во Авганистан. Континуираната нестабилност во Пакистан има безбедносни импликации за соседните земји, Авганистан и Индија. ТТП е во блиска соработка со авганистанските Талибанци во борбата против авганистанските безбедносни сили, а Индија стравува дека пакистанските милитанти би можеле да спроведат прекугранични терористички напади. Покрај тоа, ранливоста на критичната инфраструктура, пред сè на нуклеарниот арсенал на Пакистан од напад или кражба од страна на недржавните актери, претставува сериозна загриженост за американските и за индиските политичари.

Територијалните спорови на Пакистан со Индија за Кашмир предизвикаа три војни, во 1947 година, во 1965 г. и ограничена војна во 1999 година. Иако двете земји одржуваа благ прекин на огнот од 2003 година, тие редовно разменуваа оган преку оспорената граница. Двете страни се обвинуваат за кршење на прекинот на огнот. Напредок во пограничните престрелки започна кон крајот на 2016 г. и продолжи во 2018 година, а резултираше со десетици загинати и иљадници раселени лица од двете држави. Во 2014 година,



новоизбраниот премиер на Индија, Моди, го покани тогашниот пакистански премиер Наваз Шариф да присуствува на неговата инаугурација. Притоа постоеја надежи дека неговата влада ќе продолжи со значајни мировни преговори со Пакистан. По краток период на оптимизам, односите се влошија, кога Индија ги откажа разговорите со пакистанскиот министер за надворешни работи во август 2014 година, откако високиот комесар на Пакистан во Индија се состана со сепаратистичките водачи на Кашмир. Серија средби се случија во 2015 година, меѓу кои и средбата на маргините на Конференцијата на ОН за климатски промени во Париз. Ова доведе до средба помеѓу советниците за национална безбедност во Бангкок, каде што беше дискутиран спорот околу Кашмир. Во декември 2015 година, премиерот Моди се состана со премиерот Шариф, прва посета на еден индиски лидер во Пакистан во период од над една деценија. Во октомври 2017 година, милитантите нападнаа парамилитарен камп во близина на Сринагар, а потоа во февруари 2018 г. ја нападнаа индиската воена база во регионот Џаму, при што загинаа петмина војници и еден цивил. Нападите се случија за време на прекуграничната контрола со гранатирање на линијата на контрола, со повеќе од три иљади повредени во 2017 г. и речиси иљада во првата половина од 2018 година. Потоа следеа насилните демонстрации и протести кои повикуваа на независен Кашмир. По неколкумесечни интензивни воени операции на Индија во кои се напаѓаа милитантите и демонстрантите од Кашмир, Индија во текот на мај 2018 г. објави дека за првпат ќе го следи прекинот на огнот и дека ќе го обнови мировниот договор со Пакистан од 2003 година. Откако првично се согласи на разговори, Индија го откажа состанокот. Значајни разговори помеѓу двете влади се случија во септември 2016 година, кога вооружените милитанти ја нападнаа базата на индиската армија во Ури, при што загинаа осумнаесет индиски војници. Пренасочувањето на џихадиските борци и прокси-групи од Авганистан во Кашмир се заканува да го зголеми насилството долж границата. Ако се случи следен напад во Мумбаи како оној од 2008 година, во кој борците на Лашкар-е-Таиба убиле 164 лица, а биле спроведени од милитантни прокси-групи на Пакистан, ова би можело да предизвика сериозна воена конфронтација меѓу двете држави.

д-р Андреј Илиев

# Слободарски традиции

Во македонската историја, Февруарскиот поход на трите групи баталјони и Главниот штаб на НОВ и ПОМ ќе остане запаметен како една од најзначајните стратегиски операции, со основна цел, што повеќе да се разгори оружената борба во цела Македонија и таа да прерасне во антифашистичка војна, да се создадат поголеми слободни територии, да се зголеми приод на нови борци и да се забрза развојот на Македонската народноослободителна војска. Во текот на маршот, првата група баталјони изминала 300 км преку планински масиви, по виулици и длабок снег, дури до 3 метри. Голи, боси и недоволно вооружени, но силно мотивирани, македонските борци успешно ги пребродиле секојдневните напади и тешките борби со окупаторот, во врска со што, шефот на Британската воена мисија, мајорот Џорџ Квајн, во бригадниот весник запишал „Никогаш во животот не сум видел толку висок морал како кај вашите борци во нашиот заеднички поход“. Присуството на сојузничките воени мисии кои известувале за борбите на македонската војска значело воено признавање и почитување на придонесот на македонскиот народ во антифашистичката војна и негово рамноправно учество во



антихитлеровската коалиција.
По овој повод, беше организиран традиционалниот кондиционен марш на релацијата: спомен-дом на АСНОМ - Голак, во должина од 12 км. Во текот на маршот, 70-тина учесници (резервни офицери и планинари од Делчево, Берово, Пехчево и Кочани), совладаа висинска разлика од 896 м, а пред спомен-плочата, членовите на КУД „Гоце Делчев“ од Делчево, презентираа пригодна програма посветена на Февруарскиот поход како најголема воена операција што ја презела македонската народноослободителна војска во 1944 година. На спомен-обележјето, повеќе делегации, меѓу кои на: локалната самоуправа Делчево, повеќе планинарски друштва и ООЕ на ОРОРМ Делчево, во знак на почит кон загинатите, положија свежо цвеќе, а еднодневените активности завршија со заеднички ручек во шумската вила на планината Голак.

# Координирање на активностите

Во рамките на редовните активности и работни договори во координирањето на планираните содржини со општинските организациони единици (ООЕ), претседателот на ОРОРМ проф.д-р Ѓорѓи Малковски во текот на јануари и февруари оствари работна посета на ООЕ на ОРОРМ Тетово и на ООЕ на ОРОРМ од источниот дел на Македонија (Крива Паланка, Берово-Пехчево, Делчево).На проширената седница на Извршниот одбор на ООЕ Тетово со која раководи рез. капетан Зоран Кировски, учествуваа и претседателите на активите од Тетово, Јегуновце, Брвеница, Вратница и Теарце. Со планот и програмата за едукација се планира и обука, негувањето на слободарските традиции и одбележување на значајани настани од подалечното мината, во 2019 година да бидат опфатени над 200 резервни офицери и подофицери. Акцентот ќе биде врз практичните содржини, меѓу кои и регионалниот кондиционо-едукативен марш што ќе се изведе во регионот на Жеден Планина, а на кој ќе учествуваат 150 членови на ОРОРМ од југозападниот дел на Р.Македонија. Овие содржини во обуката ќе бидат целосно логистички поддржани од Третиот механизиран пешадиски баталјон на АРМ во Тетово.



# Чествување

Локалната самоуправа на Делчево и ООЕ на ОРОРМ со која успешно раководи Светлана Илиевска, на 4 февруари ја одбележаа 147-годишнината од раѓањето на иделогот на Македонското националноослободително движење, Гоце Делчев. На чинот на чествувањето на годишнината од раѓањето на великанот на македонското револуционерно дело и носителот на слободарските идеи од крајот на 19 и почетокот на 20 век, пригоден реферат



за неговиот живот и дело презентираа претставници на КУД „Гоце Делчев“.
По овој повод, пред споменикот на револуционерот, во центарот на градот, во знак на почит беше положено свежо цвеќе од голем број почитувачи на неговата личност и дело, меѓу кои: градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, Советот на Општината, политички партии, здруженија на граѓани, ПСК „Голак“ и ООЕ на ОРОРМ Делчево. „Слободарските традиции и значајни настани и личности, претставуваат приоритетни задачи за нашата ООЕ, кои во соработка со локалната самооуправа и други субјекти, ги негуваме традиционално и во континуитет во текот на изминатите години“, изјави претседателката Светлана Илиевска.

Живко Трајановски




# „Малта во Воениот музеј”

Во еден од најстарите градови на островот Малта, денешен Биргу, некогашен бастион и главен град наречен Виториоса (Vittoriosa), лоциран на главниот влез од стариот град во поранешна полициска станица и Центар за цивилна заштита се наоѓа модерен музеј посветен на епската сага на малтешкиот народ за време на Втората светска војна. „Малта во Воениот музеј” ја презентира колективната меморија на малтешкиот народ за време на Втората светска војна. Изложените илјадници ретки артефакти, меѓу кои службени и свечени униформи, облека и чевли од рециклирани ткаенинии и материјали, различни видови оружје, алати за ископување на подземни засолништа, правила прописи, упатства, дозволи за користење и рестрикција на: муниција, храна, светло; лични дневници, медали и беџови, бројни признанија, меѓу кои и реплика од првиот Медал за херојство од Велика Британија и кралот Џорџ VI, што претставува посебно одликување и гордост за земјата, за издржливоста во најтешкиот период во историјата на малтешкиот народ.

Геостратегиската локација на Медитеранот на островот му овозможила бројни морски, трговски и воени активности, а значајната позиција на пристаништето и базата на малтешкиот ред била само причина повеќе за различни политичко-економски, културни и религиски влијанија, за окупација и освојување. Некогашната британска колонија била база на сојузничките напади од Италија и од Германија за време на Втората светска војна, особено во периодот од 1940 до 1942 година.

„Пред почетокот на војната, со цел да се заштити населението во Малта од можна закана од напади и окупација со гас од страна на Италија, британската влада вршела обезбедување со гас-маски за сите жители на Малта, и тоа маски за новороденчиња, за деца, за возрасни и за стари лица. Маските биле испраќани на ралични, но лесно достапни локации.

Реалноста е дека британската влада во тој момент навистина водела грижа за малтешкот народ. Британската морнарица вршела транспорт и помош од најосновни продукти за исхрана, лекови, облека до воена опрема и муниција” – раскажува Рут Мускат, кустос во музејот.



*На 15 април 1942 година, кралот Џорџ VI го доделил првиот Медал за херојство на народот на Малта*

## Засолништа од воздушни напади

Она што е карактеристично за „Малта во Воениот музеј” се автетнтичните поздемни тунели и засолништа, на дванаесет метри под земја, на површина од 6.096 метри кубни, каде се наоѓал Центарот за цивилна заштита, кој со текот на времето бил

***Полицијата, покрај својата регуларна должност, во периодот на војната имала особено големо влијание, регулирање на правилото за затемнување (воведено во 1939 год.), спроведување на луѓето до подземите засолништата, како и преземање и спроведување на активности за заштита од руското влијание и од „црниот пазар”***





приспособен за преживување и на подолг период.
Пред самиот почеток на војната за нападите можело само да се претпоставува, било очекувано дека куќите кои се направени од камен ќе можат да ги издржат нападите, но после првиот воздушен напад од германските сили, буквално сè било разрушено. Единствен начин на преживување биле подземните засолништа.
Принудени да размислуваат за нови засолништа, во период кога бројот на жртвите се зголемувал, а населението било изложено на опасност, властите ја предложиле идејата за продажба на приватни кабини во Центарот за цивилна заштита, чија вредност била енормно висока или изедначена со вредност на  една куќа пред војната. Едно семејство, без разлика на бројноста и социјалниот статус, можело да добие дозвола само за една приватна кабина, чии димензии биле 2x2x2 метри. Во тоа време просечното малтешко семејство броело од 18-20 членови, од кои 12 до 16 биле деца. По добивање на дозволата и обележаниот простор, семејствата сами требало да го ископаат засолништето.
Скромните засолништа во издлабен камен, импровизирани операциони сали, простории за прва помош, соби за породување, без санитарни јасли, иако со текот на времето станале и извори на разни заразни болести, биле искра надеж и еднинствено место за преживање, но синоним за сигурност која државата ја обезбедувала со помош од Велика Британија.
Дел од просториите на музејот кои за време на војната биле полициска станица се опремени со интерактивни монитори и можност за користење на аудиовизуелни водичи на 12 различни јазици. Исто така, во музејот има можност да се погледне и краткиот документарен филм посветен на војната, продуциран по наредба на кралот Џорџ VI, кој импресиониран од изржливоста на малтешкиот народ сакал истата да остане забележана на филмското платно, но и во британската и во малтешката меморија.



***Три вида во различни бои, најчесто жолта и црвена: бомби кои експлодирале веднаш; бомби кои се активирале по 20 минути; бомби кои се активирале со допир. Таргет-групи биле жени и деца***



***Малта за време на Втората светска војна е најбомбардирана земја во светот. Најтешкиот континуиран бомбашки напад траел 154 дена и ноќи со количина од 6.700 тони бомби***





Всушност, филмот бил реализиран веднаш по одликувањето на малтешкиот народ со Медалот за херојство – „Џорџевиот крст“. Она што е највпечатливо за документарецот е фактот што сите снимки во филмот се оригинални. Иако „Малта во Воениот музеј” е само еден од бројните историски знаменитости во Малта, тоа не е само воен музеј, тој е спектар од различни перспективи за сплотеност и единство, издржливост и херојство за преживување на еден тежок период, но и лекција за идните генерации.

Панде Димоска



# Сезона на лов на диви пајки

Месец март е период кога во повеќето балкански држави, па и во Северна Македонија, за повеќето видови ловен дивеч почнува ловостојот, што трае генерално до 2 август, или, пак, до почетокот на наредната ловна сезона. Секако од април ќе почне ловот на срндак и други видови дивеч потоа, но тоа е друга ловечка сторија... Можеме слободно да кажеме дека за повеќето видови дивеч, овој месец е и период на љубов. Секаде се чувствува будењето на новиот живот. Притоа, неодминливо, потребно е да се посочи дека и создавањето услови за подигнување на тој нов живот во ловиштата наметнува обврски, и кај ловците и кај дивечот. Елените во овој месец потполно ги отфрлаат роговите. Почнуваат да им растат нови. Потребни им се минерали. Затоа е и обврската за задолжените ловници и ловци редовно да се обиколуваат солиштата и, секако, да се снабдуваат со сол. Ако е потребно се прават и нови солишта. Во тој контекст, кога зборуваме за ловнотехнички објекти, тоа важи и за хранилиштата, заради тоа што преминувањето на зелена храна на дивечот не би требало да биде одеднаш, туку самиот дивеч да си ја адаптира исхраната според неговите индивидуални потреби. Ловците имаат обврска и да го пребројат дивечот во ловиштето, особено

Кога ловната сезона е во своето мартовско финале, ловењето барски птици е во полн ек за ловците на пернест дивеч. Тоа ловење е најуспешно наутро, покрај вода...

полезниот, а и да го намалат штетниот дивеч, како и што налага законот – со организирање ловечки хајки. Тоа е важно да се изврши пред да се родат младенчињата на полезниот дивеч. Така се добива слика колкав број и каков дивеч ја презимил, односно ја преживел зимата, а во исто време, преку хајките на штетен дивеч се зајакнува безбедноста на младенчињата од полезниот дивеч. При тие активности повеќето ловечки друштва организираат и заеднички ручек за сите присутни ловци, директно во природа, на ловниот терен, или, пак, во некој погоден објект во рамки на ловиштето. Ваквото ловечко дружење е параметар и двигател за ловечките неловни активности, коишто исто така се значајна компонента од ловечкото социолошко опстојување.

Во месец март, за дел од стрелачките друштва и клубови почнува подготвителната, а и стрелачката натпреварувачка сезона во стрелачката дисциплина „трап“.

## Ловење диви пајки

Еден од најатрактивните ловови е токму ловењето диви пајки, а покрај нив и на други барски птици. Има повеќе начини на ловење диви пајки: со пребарување, со пречекување на прелет, од ловечки колиби - ѓумиња, со помош на чамец и слично. Тоа е привлечен, но за ловецот тежок и суров лов, којшто го одбираат страствените луѓе, кои непогодните услови за ловење и итроста и брзината на дивечот ги стимулира уште повеќе да го практикуваат тоа ловење. Ловењето со пребарување е начин на којшто ловат поголемиот број ловци на барски птици. Во тој случај ловецот треба да биде добар пешак, добро да го познава теренот и да ги познава навиките на дивечот што го лови и, секако, да биде добар стрелец. Згора на тоа треба да стрела само во онаа барска птица што







по погодокот може и да ја земе. Ако застреланата пајка, на пример, падне далеку од брегот на водената површина или брзаците од реката ја однесат, тогаш бадијала е застрелан дивечот. Тоа важи и кога се ловат диви пајки и од заседа. При студено време, а и при топло време, таквите ловечки заседи, всушност, се ловечки колиби - ѓумиња. Тие се специјално изградени привремени засолништа коишто го засолнуваат ловецот од надворешните сурови зимски услови, а и го затскриваат од пајките коишто надлетуваат. Вообичаено е да се прават на места каде што пајките користат одредени делови од водените површини за престојување, и тука најчесто слетуваат. Притоа, за да се намамат пајките коишто надлетуваат за да слетаат на тоа место, се користат природни и вештачки мамки и специјални свирчиња. Инаку, кога времето е топло, и ловечката заседа се поставува на отворен простор близу места каде што пајките прелетуваат. Ловењето е успешно ако ловецот е добро маскиран и неподвижен, сè до моментот додека не дојдат дивите пајки во рамки на дострелот на ловечките пушки-сачмарки. Инаку, ловењето од чамец во движење на река, на пример на Вардар, е посебна раритетна специјалност.

Страствени ловци на барски птици поседуваат широки знаења од повеќе области, знаат повеќе вештини и, секако, поседуваат високо ниво на ловечка култура, друштвеност и се големи џентлмени и кон своите колеги и кон дивечот. Мора да се каже и тоа дека две третини од нив поседуваат и скриени готварски способности за подготвување дивеч. Единствено луѓето од страна сметаат дека се големи фалбаџии. Но, таквата импресија, нели, исчезнува веќе по втората ловечка приказна.

И.Б.

## Риболов
## Како да се улови попадика

Рибата попадика некаде е малку позната риба за поширокиот дел од рекреативните риболовци. Се одликува со многу сплескано тело и со висок грб. Грбната перка и е косо отсечена, а аналната, на долниот дел од телото кон опашката ѝ е многу долга. Опашната перка и е несиметрична. Најчесто достигнува тежина од 250 грама до 500 грама. Попадиката е распространета по сите води во Средна и Северна Европа, а во Југоисточна Европа во Дунав, Сава и Драва. Кај нас ја има во Вардар и неговите притоки. Попадиката живее во јата во тивки води богати со растенија. Таа се храни со црвчиња, ларви од инсекти и слично, коишто ги пронаоѓа риејќи по мекото дно, а се храни и со растителна храна. Се размножува во пролетните месеци, во мај и во јуни. Во тој период таа е многу осетлива, односно и при најмал шум се повлекува во длабочините, чекајќи да мине опасноста. Попадиката има ситни коски во месото на грбниот дел, но и покрај тоа таа е многу вкусна риба. Во водите каде што е масовно застапена, таа е предмет на масовен професионален риболов. Попадиката им е омилена риба на спортските, односно на рекреативните риболовци. Се лови слично како и бојникот, при што прво се прихранува за да се собере и за да се настрви, а потоа почнува да се лови. За риболов на попадика се избираат мирни и подлабоки делови од, на пример речниот риболовен ревир, а на езеро ја има некаде од 3-4 па до 9-10 метри длабочина, во зависост од температурата на водата. Интересен е и фактот што таа може да живее и во солена морска вода особено на утоките на реките во морето.



**ДИВЕЧ НА ТРПЕЗА ДИВЕЧ НА ТРПЕЗА ДИВЕЧ НА ТРПЕЗА ДИВЕЧ НА ТРПЕЗА**

## РЕЦЕПТ ЗА ГОТВЕЊЕ ДИВА ПАЈКА

Најважно при подготовката за јадење на дивата пајка е таа да отстои околу 4-5 часа во вода со малку вино и оцет, популарно наречена маринада, а потоа да се свари. Првата вода се фрла, а потоа се вари како и домашната кокошка, со интенција од водата да се направи супа со фиде и зачини според индивидуалниот вкус. По варењето, дивата пајка би требало да се наполни со исечен зеленчук и парчиња сланина. Во длабок сад се реди компир со зачини по желба, па врз него се става пајката и се покрива со тенки парчиња сланина.



Со претходното варење, а потоа со сланината, при печењето, се постигнува месото да биде помеко и посочно, од причина што дивото месо е посно и тврдо во најчест број случаи. Се става половина литар бело вино во садот, се покрива со капак или со фолија и се пече околу еден час, а потоа се открива и се допекува околу 15-20 минути за да се зацрвени површината на дивата пајка. Така подготвената дива пајка на трпезата е убава и „на око и на вкус“, се разбира, сето тоа послужено и со убаво македонско црвено вино.



# „Тие нема да остарат“

Пред неколку месеци, телевизиската мрежа „BBC“ продуцираше документарен филм кој остави силен впечаток кај критиката, не само на островот, туку и во светот. Причина за тоа беше што овој филм, насловен како „Тие нема да остарат“, претставува прекрасно склопен колаж од автентични снимки и сведоштва на британските војници од Првата светска војна, повеќето првпат објавени. Како овој факт да не дава доволна тежина на проектот, па за режисер на истиот е ангажиран токму Питер Џексон, еден од најеминентните филмски творци на ова време, кој во ова документарно парче става свој личен печат, не само како автор, туку и поради инволвираноста на темата во неговата семејна историја.

„Нема да остарат“ е едно длабоко емотивно сведоштво на учесници во Првата светска војна кои зборуваат за нивните искуства, случувања и чувства за време на нивната служба на фронтот. Документарниот филм е крајно субјективно гледиште на војниците и токму таа интимна нишка и искреност во пренесување на сопственото толкување и перцепција на минатото дава посебна длабочина и интригантност на целиот филм. Тој е ослободен од факти и презентација на настани и се фокусира исклучиво на презентирање на фрагменти и сеќавања на војниците кои преживеале за да зборуваат. Нивниот идентитет не се открива, ги слушаме само нивните гласови, приказни кои се надоврзуваат една на друга, но не и нивните имиња, со цел фокусот да се задржи на она што го зборуваат и раскажуваат. Нарацијата во филмот изостанува, и сценариото е целосно раскажано со зборовите на војниците, без исклучок, давајќи ни чувство и освестувајќи нѐ, всушност, дека ја примаме приказната од „прва рака“.

Проектот е создаден како еден вид на комеморација на војната, тогаш позната како Големата војна, на стогодишнината од нејзиниот крај. Снимките кои се користат се во сопственост на архивите на британскиот Империјалистички воен музеј и на телевизиската мрежа „BBC“. Поврзани реченица по реченица, околу 200 војници ја градат приказната, хронолошки подредена од избувнувањето на војната, преку регрутацијата и заминувањето на Западниот фронт, до крајот на војната, враќањето дома и соочувањето со светот кој го оставиле.

## Изгубени во војната

Низ зборовите на војниците, надоврзани еден на друг, сфаќаме колку наивно се гледале и доживувале работите и колку можеби никој не бил свесен на почетокот за тежината и последиците на случувањата, мислејќи дека конфликтот е веројатно уште еден „балкански проблем“ (алудирајќи на Балканските војни кои се случуваат во 1912-1913 година и кои ѝ претходат на Првата светска војна). Така, еден од сведоците се потсетува на моментот кога









слушнал дека е објавена војна и бил во друштво на пријател - Германец, но само се погледнале двајцата и продолжиле со вечерата, велејќи си дека војната нема да започне ноќта, па можат и од утре да бидат непријатели. Регрутацијата, пак, е посебна приказна. Иако војската официјално не примала премлади војници, мнозумина со 15, 14, дури и 13 години се пријавиле во регрутационите пунктови, чувствувајќи должност и обврска, иако нивниот физикус ги издавал дека се премлади. Оние кои регрутирале замижувале и ги пуштале бидејќи војската, по некое непишано правило, секогаш има потреба од дополнителни луѓе. Но, тие биле деца кои малку разбирале и далеку од тоа дека биле подготвени за војна. Најголемиот дел од документарниот филм е осврт на животот во ровот на фронтот, каде владеат минимални услови за живот, очајна хигиена, небезбедност од непријателските куршуми... Преку снимките и изјавите, добиваме детален увид на атмосферата која владеела таму, уморот, стравот. Ровот е место каде човечкиот живот не вреди многу и секој е заменлив. Слушаме трикови за преживување, но и потресни приказни од битките поткрепени со силни и трауматични графички слики од мртвите војници. Во ровот се шири миризба на мртво месо кое гние од загинатите војници, чии тела никој не ги трга од појасот наречен ничија земја, а на видикот стојат тела набодени на бодликава жица. Но, сето тоа е само обичен ден на фронтот, нормална слика.

Интересно е дека војниците всушност се свесни дека непријателот од другата страна е исто збунет од баналноста на оваа војна. Самите велат дека запознале неколку Германци и тие навистина биле добри луѓе. Сепак, ситуацијата во која се нашле налага развој на некаква бесчувственост за да се преживее во целиот хаос. Овој документарен филм е филм за животот и за смртта, за цената на војната, за победата која не значи ништо и која е безвредна под капата на страдањето, за однесените животи и пролеаната крв. Како што велат самите војници, кога се прогласило примирјето и огнот запрел, наеднаш, едно претпладне, не чувствувале ништо... Никаква среќа што заминуваат дома, само тишина. Вревата наеднаш станува тишина. Оваа, како и многу други интимни изјави на учесниците ни ја градат сликата за Големата војна, не во колаж од настани и факти, туку како емотивно патување во воениот амбиент.



**Филмот како историски документ**

Питер Џексон, кој ни е познат по фантастичните филмови како трилогијата „Господар на прстените“, „Хобит“, „Кинг Конг“, а со овој филм влегува во дијаметрално различен жанр каде наспроти фантастичното, презентира автентични снимки и приказни од историјата. Интересен куриозитет е дека тој, овој филм го има снимено без да добие личен хонорар, иако поминал само една година во прегледување на видеоматеријалите со кои располага за да го создаде филмот, без самото продуцирање на филмот. Но, ова воопшто не е чудно ако откриеме дека самиот Џексон вели дека овој проект е нешто во кое тој има дадено многу личен инпут, особено затоа што неговиот дедо бил учесник во војната, а починал од повреди здобиени во истата. Токму нему му е и посветен овој филм. Филмот, чија премиера се случува на филмскиот фестивал во Лондон, минатата година, истиот ден е дистрибуиран до сите училишта, со цел да послужи во наставата. За потребите на филмот се искористени интервјуа на над 200 војници, а стоминутниот документарен филм е селекција на кадри од околу 100 часа оригинални, автентични снимки, фотографии, како и драматични илустрации и цртежи од магазинот „The War Illustrated“, исто така нацртани за време на војната,за моментите кои не постојат на снимки, главно од борбите гради во гради, со што се задржува идејата овој филм целосно да биде сложувалка од материјали кои потекнуваат од таа епоха, без рекреирање на сцени.

Интересно е менувањето на колоритот на самиот филм, односно, делот во рововите е во боја, додека подготовките за фронтот и враќањето дома се во црно-бела техника, што е всушност хронолошки почетокот и крајот на филмот. За да се направи тоа, снимките се колоризирани еден век во нивното запечатување на лента. Освен компјутерска колоризација, Џексон си игра и со брзината на видеото за да го приспособи и за да изгледа што поблиску на денешните снимки. И, резултатот е навистина импресивен. Доколку не би ги знаеле овие факти, веројатно, како гледачи, не би поверувале дека станува збор за снимки создадени навистина пред 100 години, бидејќи со бојата, квалитетот и синхронизацијата на звукот и сликата се навистина многу понапред од тоа време.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Peter Jackson

**Видео монтажа:** JabezOlssen

**Монтажа на музика:** John Neill

**Времетраење:** 100 минути

**Земја:** В. Бртитанија

**Година:** 2018

**Награди:** BAFTA - номинација за најдобар документарен филм



# Моноспитовско блато –
## последното македонско мочуриште

Во плодната Струмичка Котлина под планината Беласица се наоѓа Моноспитовско блато, последното мочуриште во Република Северна Македонија кое некогаш се простирало на површина од пет илјади хектари и било дом на праисториски растенија и животни. Денес, овој уникатен природен музеј е распространет на 400 хектари и претставува засолниште на ретки видови флора и фауна. Затоа, од биолошки аспект, овој простор е доста интересен. За биолозите ова блато е споменик на природата и наликува на мала џунгла во која уште се кријат уникатни растенија и животни кои ги нема на други простори, не само во земјава туку и на Балканот.
Во својата долга и богата историја Моноспитовското блато претрпело големи промени. До 1947 година било традиционално користено за лов и риболов, за пасење стока по ливадите, користење на рогозот и трската за покривање на куќите и за плетење кошници. Порано имало длабочина од околу 6 метри и со посебни чамци, наречени шајки, се патувало по него до селата Зубово, Банско и Муртино.
Со векови овој простор претставувал извор на егзистенција. Покрај рогозот и трската, кои се береле наесен и се користеле во градежништвото, богатите води со риба, главно штука и крап, овозможувале пристојна егзистенција.
Иако површините се драстично намалени, денес Моноспитовското блато е природен музеј на отворено и во него сè уште егзистираат ретки видови растителен и животински свет. Најпознат е кралскиот папрат, кој е прогласен за заштитен вид, бидејќи го има само тука. Покрај него, Блатото изобилува со силикатни алги, ретки видови инсекти, барски птици и цицачи. Во Моноспитовското блато се регистрирани вкупно 112 видови птици, меѓу кои најзначајни се црниот штрк и малиот орел-кликач. Шумските заедници кои се среќаваат во и околу Блатото се одлично засолниште за голем дел од цицачите, па тука може да се најдат видри и лисици. Има 11 видови водоземни животни и 16 видови влекачи.
Неповторливо е чувството да се биде тука и да се почувствува мирисот на папратот и трската, да се ужива во различните водени цветови и да се слушне звукот на барските птици. Токму затоа се изградени платформи, дрвени патеки и куќички за набљудување на птиците.

Кристина Илиевска









